2025
АПРИЛ— ЈУНИ

Год. 101, бр. 2.

Библиски лекции



ВТОР ДЕЛ

ЕВАНГЕЛИЕ СПОРЕД ЈОВАН

Добриот Пастир нежно го води
и го штити своето стадо.

Содржина

САБОТНА ШКОЛА

1. Исус — Лебот на животот 5
2. Криза во Галилеја 10
3. Исус на празникот Сеници 15
4. Никогаш човек не говорел така како Овој Човек 20
5. „Ниту јас не те осудувам“ 26
6. Исус — Светлината на светот 31
7. Светлината – одразена или отфрлена? 36
8. Исус и Аврам 41
9. Исус и слепиот човек 46
10. Соочување со духовната слепост 52
11. Исус — добриот Пастир 57
12. Исус и Лазар 62
13. Воскресение и Живот 67

Библиските лекции претставуваат програма за секојдневно тематско проучување на Божјото слово, заснована исклучиво на Библијата и Духот на пророштвото, без дополнителни коментари. Цитатите се што е можно пократки за да се обезбедат концизни и директни одговори. Зборовите во заграда ( ) се додадени поради појасно разбирање на контекстот и потечно читање. Проучувањето на дадените теми со помош на изворните материјали е мошне препорачливо.

Издавач:	Seventh Day Adventist Reform Movement General Conference, Sabbath School Department, Hollins Road, Roanoke, Virginia 24019-5048, USA
За Македонија:	Реформно движење на Адвентистите на седмиот ден Моша Пијаде 85 - 1300 Куманово
Телефон:	(+389) 76 466-322
е-маил	asdrdmk@gmail.com
Интернет:	www. rdasd.mk
Библиски превод:	Стандардна библија 2006.
Превод:	Часлав Дичевски
Печати:	Гераком, Скопје

Предговор:

Евангелието според Јован е напишано нешто подоцна од останатите три (таканаречени „синоптички") евангелија, но сепак во рамките на првиот век од новата ера. Во 19. век, библиските критичари се обиделе да докажат дека Евангелието според Јован било напишано по 150 година од н.е., со што го оспориле авторството на апостолот Јован. Критичарите исто така тврделе дека во ова евангелие се одразуваат одредени идеи од гностичката филозофија, па затоа не можело да биде напишано пред гностицизмот да стане сериозна закана за верата. (Гностицизмот бил филозофски и религиски систем што го воспоставила една рана секта, тврдејќи дека знаењето, а не верата, е клучот за спасението.) Таквите изопачени тврдења одамна се побиени.

Напротив, научните докази го потврдуваат постоењето на четвртото евангелие и фактот дека тоа било високо ценето уште во 115 година. Еден таков доказ е пронаоѓањето на мал фрагмент од папирус, на кој биле запишани стихови од Евангелието според Јован (поглавје 16, стихови 31–33, 37,38). Овој папирус, познат како Рајландсов папирус и обично означен како P52, е утврдено дека датира од 125 година од н.е. Овој фрагмент, пронајден во Египет на почетокот на 2. век, се смета за недвосмислен доказ дека четвртото евангелие било широко распространето уште во тоа рано време. Познатиот теолог за Новиот Завет, Адолф Деисман, потврдува:

„Мноштвото хипотези за доцното потекло на Евангелието според Јован брзо ќе овенат, како растенија во стаклена градина. Со Рајландсовиот папирус имаме сигурен документарен доказ дека Евангелието според Јован не само што постоело во првата половина на 2. век, туку и дека неговите копии веќе стигнале до Египет. Затоа, Евангелието сигурно постоело и многу порано." — *Deutsche Allgemeine Zeitung, 3 декември, 1935.*

Евангелието според Јован не само што ја исполнило својата цел во времето на раните христијани, туку низ вековите и во најразлични околности им носело духовно водство, помош и охрабрување на Христовите следбеници. Господ „има светлина која е нова за нас, но тоа е драгоцена стара светлина што треба да сјае од Речта на вистината. Ние имаме само одблесоци од зраците на светлината што допрва треба да ни пристигнат. Светлината што ни ја дал Господ не ја користиме во целост, затоа не примаме уште поголема светлина; не одиме во светлината што веќе нè осветлила.


Ние се нарекуваме народ што ги држи заповедите, но не ја разбираме неверојатната ширина на далекусежните начела на Божјиот закон; не ја согледуваме неговата света природа. Мнозина кои за себе тврдат дека се учители на вистината немаат вистинска слика за тоа што прават додека го подучуваат Божјиот закон, бидејќи не поседуваат живо спознание за Господ Исус Христос." — *Selected Messages, bk. 1, pp. 401, 402.*

Нека понатамошното проучување на ова евангелие ни помогне подобро да Го запознаеме Исуса!

Одделот на Генералната конференција за Саботна школа

Дар во првата сабота

Сабота, 5 април 2025 година





За реконструкција на црквата во Прохоровка, Русија

Русија е најголемата земја во светот според површината, простирајќи се на 17.125.191 км^2, со население од 147 милиони жители. Луѓе од повеќе од 180 различни нации ја населуваат оваа огромна територија и исповедаат различни верски убедувања. Најбројни се руските православци (41,1%), потоа припадниците на другите христијански религии (6,3%), исламот (6,5%), нео-паганите и тенгризмот (1,2%), будистите (1,2%), формалните христијани (25,2%), атеистите (13%) и останатите кои не исповедаат никаква вера.

Од основањето на РДАСД, пораката на овие простори напредувала под многу тешки околности. Многу верници морале да поднесат жестоки прогони – а некои дури и со својата смрт сведочеле за распнатиот и воскреснатиот Спасител.

Од основањето на Руската унија на Адвентистите на седмиот ден (РДАСД), пораката на евангелието се ширела низ овие простори под многу тешки околности. Многу верници морале да издржат жестоки прогони, а некои дури и со својата смрт сведочеле за распнатиот и воскреснатиот Спасител.

Кон крајот на деведесеттите години од минатиот век, еден библиски работник со својата сопруга се преселил во централниот дел на Русија со цел да го развие мисионерското дело. Како резултат на нивниот труд и молитви, била организирана група верници. Конечно, во 2006 година тие пронашле мала куќа на парче земја во Прохоровка, урбан административен центар на Прохоровскиот округ во Белгородската област – земјоделски регион каде што се одгледуваат житарки, шеќерна репка, сончоглед и овошје, покрај реката Псел, југоисточно од градот Курск, големо наоѓалиште на железо.

Јасно ја видовме Божјата рака на дело кога на чудесен начин отстрани многу пречки и го благослови купувањето на оваа куќа. Делото во овој регион продолжи да се шири и наскоро куќата стана премала за сите оние што доаѓаа да Го слават Бога. Пред неколку години добивме одобрение од властите за изградба на нови простории и започнавме со градење на молитвен дом. Браќата донираа средства и неуморно работеа, но за да го завршиме овој проект, потребна ни е великодушна помош од луѓе кои Го љубат Бога ширум светот.

Привршувањето на овој проект ќе ни даде можност да ја прошириме евангелската работа и во соседните региони, како светилник што ја шири последната вест за спасение. Нека Бог го благослови секој оној што е подготвен да придонесе за успешно ширење на сегашната вистина во овој дел од светот!

Вашите браќа и сестри од црквата во Прохоровка и Руската унија

Исус — Лебот на животот

„А Исус им рече: ‘Јас сум лебот на животот; кој доаѓа кај Мене, нема да огладни и кој верува во Мене, нема никогаш да ожедни’“ (Јован 6:35).

Предлагаме да прочитате: *Мисли од Гората на блаженството, 18–21.*

„Ние го примаме Христовото тело кога со вера се потпираме на Него како на својот личен Спасител.“ — *The SDA Bible Commentary [E. G. White Comments], vol. 5, p. 1135.*

1. СЛАВОЉУБИВА РЕВНОСТ

Нед, 30 март

а. По чудото со лебовите, какво убедување почнале да негуваат многу луѓе? Јован 6:14. Што биле подготвени да направат? Јован 6:15 (прв дел).

„Ова уверување станувало сè посилно во текот на денот. Завршниот чин бил доказ дека меѓу нив се наоѓа долгоочекуваниот Избавител. Надежта на луѓето растела сè повеќе. Ова е Оној што ќе ја претвори Јудеја во рај на Земјата, во земја во која течат мед и млеко. Тој може да ја задоволи секоја желба. Може да ја скрши силата на омразените Римјани. Може да ја ослободи Јудеја и Ерусалим. Тој може да ги излекува војниците ранети во битка. Може да снабдува цели армии со храна. Може да ги покори народите и да му го даде на Израел долгоочекуваното царство.

Во своето воодушевување, народот бил подготвен веднаш да Го круниса за цар. Тие увиделе дека Тој не се обидува да привлече внимание на Себе, ниту пак да си обезбеди почести. Во ова, Христос суштински се разликувал од свештениците и поглаварите, па затоа се плашеле дека никогаш нема да го побара Своето право на Давидовиот престол. Советувајќи се меѓусебно, тие се согласиле да Го земат и со сила да Го прогласат за цар на Израел. Учениците се придружиле на мноштвото во прогласувањето дека престолот на Давид со право му припаѓа на нивниот Учител. ‘Христовата скромност е причината што Тој одбива таква почест,’ велеле тие. Народот треба да го воздигне својот Избавител. Нека арогантните свештеници и поглавари бидат принудени да му укажат чест на Оној Кој дошол со божествен авторитет.“ — *Копнежот на вековите, 377.*

а. Што направил Исус за да го спречи народот и учениците да ги остварат своите планови и да Го постават на земен престол? Јован 6:15.

„(Учениците и мноштвото) со жар ги правеле подготовките за да го остварат својот план, но Исус видел што се подготвува и го разбрал она што тие не можеле да го сфатат – каков ќе биде исходот од таквиот потфат. Дури и во тој момент, свештениците и поглаварите го барале Неговиот живот. Тие го обвинувале дека го одвојува народот од нив. Ако народот се обидеше да Го постави на престолот, ќе дојдеше до насилство и бунт, а делото на воспоставување на духовното царство ќе беше попречено. Овие обиди мораа да бидат запрени без одлагање. Исус ги повикал Своите ученици и им наредил веднаш да го земат чамецот и да се вратат во Капернаум, препуштајќи му Нему да го распушти народот.

Никогаш дотогаш не им изгледало толку невозможно да исполнат една Христова заповед. Учениците одамна очекувале дека ќе се појави народно движење што ќе Го постави Исуса на престолот. Не можеле да ја поднесат помислата дека од сето тоа воодушевување нема да произлезе ништо. Мноштвото што се собирало за празникот Пасха било желно да го види новиот Пророк. На Неговите следбеници ова им изгледало како совршена можност да Го постават својот сакан Учител на престолот на Израел. Во жарот на тој нов копнеж, им било тешко да заминат сами и да Го остават Исуса сам на пустото крајбрежје. Тие се побуниле. Но тогаш, Исус им прозборел со авторитет каков што никогаш порано не користел кон нив. Знаеле дека понатамошното спротивставување е бескорисно, па во тишина се свртеле кон морето." — *Копнежот на вековите, 378*.

б. Ден по чудото, што направило мноштвото? Јован 6:22–25.

_____

„Чудото со лебовите се прочуло надалеку, и следното утро мноштво народ се собрало во Витсаида за да Го види Исуса. Луѓето доаѓале во голем број – и по копно и по море. Оние што си заминале претходната ноќ, повторно се вратиле, очекувајќи дека ќе Го најдат таму, бидејќи немало никаков чамец со кој би можел да премине на другата страна. Но, и покрај нивните напори, не можеле да Го пронајдат, па многумина од нив се вратиле во Капернаум.

Во меѓувреме, по отсуство од само еден ден, Тој дошол во Генисарет. Кога се дознало дека е тука, луѓето 'Брзо ја обиколија целата таа околија и почнаа на носилки да носат болни таму, каде што слушаа дека Тој се наоѓа' (Марко 6:55)." — *Копнежот на вековите, 384*.

а. Која искрена, но внимателно изговорена порака им упатил Исус на мноштвото? Јован 6:26, 27.

_____

_____

„Исус не ја задоволил нивната љубопитност. Тој тажно рекол: „Ме барате не затоа што ги видовте чудата, туку затоа што јадевте од лебовите и се наситивте". Не го барале од некој достоен мотив, туку затоа што биле нахранети од лебовите и затоа што се надевале дека поврзувајќи се со Него, ќе стекнат земна полза. Спасителот им рекол: „Работете не за храна што се расипува, туку за храна што останува за живот вечен". Не барајте само материјална корист. Вашиот труд не треба да биде посветен на грижата за овој сегашен живот, туку барајте духовна храна, онаа мудрост што ќе опстане и низ вечниот живот." — *Копнежот на вековите, 384.*

б. Кое прашање Му го упатиле Евреите на Исус во врска со Божјите дела? Јован 6:28. Објасни го одговорот што им го дал Господ. Јован 6:29.

_____

„За момент се разбудил интересот на слушателите. Тие извикале: 'Што да сториме за да правиме Божји дела?' Тие извршувале многу тешки дела за да се препорачаат себеси на Бога и биле подготвени да го слушнат секое ново упатство за да стекнат уште поголеми заслуги. Нивното прашање значело: 'Што треба да правиме за да го заслужиме Небото? Која е цената што треба да ја платиме за да го стекнеме идниот живот?'

'Исус им одговори и рече: Ова е Божјото дело; да верувате во Оној што го испрати Тој'. Цената за Небото е Исус. Патот за Небото е единствено преку верата во 'Божјото Јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот' (Јован 1:29)." — *Копнежот на вековите, 385.*

„Покајанието е свртување од себе кон Христос; и кога ќе Го примиме Христос, така што преку вера Тој може да Го живее Својот живот во нас, тогаш ќе се покажат и добри дела." — *Мисли од гората на блаженството, 87.*

„Нека Господ му помогне на Својот народ да ја сфати сериозноста на задачата што треба да ја изврши во овој поглед. Нека им помогне да разберат дека, било во домот, во црквата или во светот, тие мора да работат на Христовото дело. Тој нема да ги остави Своите верни да работат сами. Ангелите ќе им бидат помошници." — *8 Сведоштво, 18.*

а. Каков знак барале Евреите и на која историска случка се повикале? Јован 6:30, 31. Како им зборувал Исус за небескиот леб? Јован 6:32, 33.

_____

_____

„Евреите му оддавале чест на Мојсеј како оној што ја дал маната, припишувајќи му ја славата на орудието и губејќи Го од вид Оној, преку Кого било извршено делото. Нивните татковци мрмореле против Мојсеј, се сомневале во него и ја порекнувале неговата божествена мисија. Сега, со истиот дух, нивното потомство Го отфрлило Оној Кој им ја донел Божјата порака. 'Тогаш Исус им рече: Вистина, вистина ви велам; не ви даде Мојсеј леб од небото.' Оној што ја дал маната се наоѓал меѓу нив. Сам Христос ги водел Евреите низ пустината и секојдневно ги хранел со леб од небото. Таа храна била симбол на вистинскиот небесен леб. Животодавниот Дух, Кој произлегува од бесконечната Божја полнота, е вистинската мана." — *Копнежот на вековите, 385.*

б. Размислувајќи само за природниот, физички леб, кој барање го изнесоа – и што им објасни Господ? Јован 6:34–36.

_____

_____

„Стилската фигура што ја употребил Христос им била позната на Евреите. Мојсеј, вдахнат од Светиот Дух, рекол: 'Човекот не живее само од леб, туку од секој збор што излегува од Божјата уста'. А пророкот Еремија напишал: 'Ги најдов Твоите зборови и ги голтав; зборовите Твои ми беа за радост и веселба на срцето мое'. (Второзаконие 8:3; Еремија 15:16) И рабините имале поговорка која вели дека јадењето на лебот во духовна смисла значи проучување на законот и правење добри дела. Често се зборувало дека при доаѓањето на Месијата цел Израел ќе биде нахранет. Учењето на пророците јасно ја објаснувало духовната поука за чудото со лебовите. Христос се трудел да им ја објасни таа поука на Своите слушатели во синагогата. Кога тие би го разбрале Светото Писмо, тие би ги разбрале и Неговите зборови, кога рекол: 'Јас сум лебот на животот'. Само пред еден ден, големото мноштво на изморени и исцрпени луѓе било нахрането со лебот што Тој го дал. Како што тој леб им дал телесна сила и освежување, така тие можеле да добијат од Христа духовна сила за вечен живот." — *Копнежот на вековите, 386.*

5. ВОСКРЕСЕНИЕ И ВЕЧЕН ЖИВОТ

Чет, 3 април

а. Кои две тесно поврзани ветувања им се дадени на оние што се поистоветуваат со Христос – и на кој начин тоа носи надеж на секој грешник? Јован 6:37–40.

_____

_____

„'Оној што ќе дојде кај мене, нема да го истерам надвор'. 'Сите што ќе го примат со вера' рекол Тој, 'ќе имаат вечен живот.'" — *Копнежот на вековите, 387.*

„Немојте да го слушате предлогот на непријателот кој ве наговара дека не можете да се вратите кај Христа сè додека не станете подобри, доволно добри за Бог да може да ве прими. Ако чекате на тоа, никогаш нема да дојдете. Кога сатаната ќе ја покаже вашата валкана облека, повторете го Исусовото ветување: 'Кој доаѓа кај Мене, нема да го избркам надвор' (Јован 6:37). Кажете му на непријателот дека крвта на Исус Христос чисти од секој грев. Молитвата на Давид нека стане и ваша молитва: 'Пороси ме со исоп, и ќе бидам чист; измиј ме и ќе бидам побел од снег' (Псалм 51:7).

Стани и оди кај својот Отец! Тој ќе ти излезе во пресрет. Ако направиш само еден чекор кон Него со покајание, Тој ќе побрза да те прифати во Своите прегратки на бесконечната љубов. Неговото уво е отворено за крикот на скрушената душа. Нему му е познато и кога твоето срце првпат се свртело кон Бога. Никогаш не е упатена молитва, колку и да е несовршена, никогаш не е пролеана солза, колку и да е потајна, никогаш не се јавил искрен стремеж кон Бога, колку и да е слаб, Божјиот Дух тоа да не го поткренал да го исполни." — *Христовите поуки, 205, 206*.

б. За што негодувале неверните Евреи, и кое ветување повторно им го дал на оние што Му веруваа? Јован 6:41–51.

_____

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 4 април

1. **По чудото со лебовите, што планирале да направат Христовите следбеници?**
2. **Опишете го главниот интерес на мноштвото што Го следело Исуса.**
3. **Објасни ги Исусовите зборови од Јован 6:29.**
4. **Со каква илустрација се послужил Исус за да го опише изворот на духовниот живот?**
5. **На кој начин еврејските водачи ги покажале своите предрасуди кон Христос?**

Криза во Галилеја

„Вистина, вистина ви кажувам: ако не го јадете телото на Синот Човечки и не ја пиете крвта Негова, не ќе имате живот во себе“ (Јован 6:53).

Предлагаме да прочитате: *5 Сведоштво, 573–580.*

„Животворна е само онаа вера што ја прифаќа вистината со срцето, впивајќи ја како здрав организам што ја прима храната, и се поистоветува со неа сè додека таа не стане составен дел од верниковото битие и движечка сила на неговиот живот и делување.“ — 5 Сведоштво, 576.

1. ЖИВОТ ВО ХРИСТОВОТО ТЕЛО И КРВ

Нед, 6 април

а. Какво влијание имале Христовите зборови врз верските водачи? Јован 6:52. Што им објаснил Исус во врска со Своето тело и крв? Јован 6:53–55.

_____

_____

„Тогаш рабините луто повикале: ‘Како може овој Човек да ни го даде Своето тело да го јадеме?’ Тие се преправале дека ги разбираат Неговите зборови во буквална смисла, на ист начин како што Никодим рекол: ‘Како може човек да се роди кога е стар?’ (Јован 3:4). Всушност, во извесна мера ја сфаќале смислата на Исусовите зборови, но не сакале да го признаат тоа. Извртувајќи ги Неговите зборови, тие се надевале дека ќе го поттикнат народот да се разбесни против Него.“ — *Копнежот на вековите, 389.*

б. Што всушност значи да се јаде телото и да се пие крвта на Синот Божји? Јован 6:56, 57; 1. Јованово 3:24; 5:12.

_____

„Да се јаде Христовото тело и да се пие Неговата крв значи да Го примиме како личен Спасител, да веруваме дека Тој ни ги простува гревовите и дека сме совршени во Него. Набљудувајќи ја Неговата љубов, размислувајќи за неа и напојувајќи се од неа, ние стануваме учесници во Неговата природа. Она што е храната за телото, тоа Христос мора да биде за душата.“ — *Копнежот на вековите, 389.*

а. Со кое дополнително објаснување Христос недвосмислено го растолкувал значењето на Своите зборови? Јован 6:63.

„Храната не ни е од полза ако не ја јадеме, ако не стане дел од нашето битие. На ист начин, Христос нема да ни биде од никаква полза ако не Го примиме како свој личен Спасител. Теоретското знаење само по себе не ни користи. Мораме да се храниме со Него, да Го примиме во своето срце, така што Неговиот живот да стане наш живот. Неговата љубов и Неговата благодат мора да станат дел од нас...

Христовиот живот, кој му дава живот на светот, се наоѓа во Неговата Реч. Со Својата Реч, Исус лекувал болни и истерувал демони. Со Својата Реч ја стивнал бурата и ги подигал мртвите. Народот бил сведок дека Неговата Реч имала сила. Тој ја зборувал Божјата Реч, како што зборувал преку сите пророци и учители во Стариот Завет. Целата Библија е манифестација на Христос, и Спасителот сакал верата на Своите следбеници да биде утврдена врз Речта. Кога Неговото видливо присуство ќе биде повлечено, Речта мора да биде извор на нивната сила. Како нивниот Учител, и тие требало да живеат според зборовите: 'Човекот не живее само од леб, туку од секој збор што излегува од Божјата уста.' (Матеј 4:4)

Како што го одржуваме својот телесен живот со помош на храна, така и нашиот духовен живот се одржува со помош на Божјата Реч. Секоја душа треба да прима живот од Божјата Реч. Како што мораме сами да јадеме за да примиме сила, така и сами мораме да ја примиме Речта. Не можеме да ја добиеме преку посредство на некој друг. Треба внимателно да ја проучуваме Библијата, молејќи Му се на Бога со помош на Светиот Дух за да можеме да ја разбереме Неговата Реч. Треба да земеме еден стих и да ги насочиме мислите, трудејќи се да ја пронајдеме смислата што Бог ја ставил за нас во него. Треба да размислуваме за таа мисла сè додека не стане наша сопствена мисла и додека не дознаеме 'што говори Господ.'" — *Копнежот на вековите, 389, 390.*

б. Како пророкот Еремија го опишува ова искуство? Еремија 15:16.

„Ако со вера и молитва цврсто се повикуваме на Божјите ветувања, ќе видиме како Тој со радост нè спасува и избавува од секоја неволја... Ветувањата и барањата на Божјата Реч мораме и самите да ги прифатиме. Треба да се храниме со таа Реч – живата Реч, која е телото и крвта на Синот Божји. Да го јадеме Неговото тело и да ја пиеме Неговата крв значи со вера да ги примиме Неговите духовни својства." — *6 Сведоштво, 51, 52.*

а. Каква криза предизвикал Христос меѓу Своите ученици – и на кој начин тоа претставува предупредување и за нас денес? Јован 6:60, 61, 65, 66.

_____

„Испитувањето било премногу тешко. Исчезнало воодушевувањето на оние што се обидувале со сила да Го прогласат за цар. Тие зборувале дека таа беседа во синагогата им ги отворила очите. Сега, конечно, се отрезниле. Според нивното мислење, Неговите зборови биле директно признание дека Тој не е Месијата и дека никаква земна награда не може да се постигне преку поврзаноста со Него. Тие со радост ја прифаќале Неговата чудотворна моќ, биле желни да бидат ослободени од болести и страдања, но не сакале да го прифатат Неговиот самопожртвуван живот. Не им било грижа за таинственото духовно царство за кое Тој зборувал. Оние неискрените и себичните што Го барале, повеќе не Го посакувале. Кога виделе дека Тој не сака да ја искористи Својата сила и влијание за да издејствува нивно ослободување од Римјаните, тие решиле дека не сакаат да имаат ништо со Него.

Кога вистината ќе се открие во нивното срце, тие увидуваат дека нивниот живот не е во склад со Божјата волја. Тие сфаќаат дека е потребна промена, но не се подготвени да го започнат делото на самооткажување. Затоа, кога нивните гревови ќе бидат разоткриени, тие се гневни. Тие заминуваат соблазнети, како што и некои од учениците Го напуштиле Христос, мрморејќи: 'Тешки се овие зборови; кој може да ги слуша?'" — *Копнежот на вековите, 391–392.*

б. Откако тие ученици Го напуштиле, што ги прашал Исус дванаесеттминатa? Јован 6:67. Како и ние денес можеме да го повториме мудриот одговор на Петар? Јован 6:68, 69.

_____

_____

„Низ сите добри и лоши извештаи, низ сета темнина и противење на сатанските орудија, продираат зраците на Сонцето на Правдата, откривајќи го злото, задушувајќи го гревот и оживувајќи ги духовите на кротките и понизните. 'Господи, кај кого да одиме? Ти имаш зборови на вечен живот.'" — *Testimonies to Ministers, 285.*

а. Што, воопштено, можеме да кажеме за оние кои Го напуштаат Христос? 1. Јованово 2:19. Каков разочарувачки став зазеле незадоволните ученици?

„Кога овие незадоволни ученици се одвратиле од Христос, со нив завладеал поинаков дух. Веќе не наоѓале ништо привлечно во Оној што порано толку ги привлекувал. Тие ги побарале Неговите непријатели, бидејќи биле во хармонија со нивниот дух и дела. Почнале погрешно да ги толкуваат Неговите зборови, да ги изопачуваат Неговите изјави и да ги оспоруваат Неговите побуди. Своето однесување го оправдувале со тоа што собирале сè што би можело да се употреби против Него. Овие лажни извештаи предизвикале таков гнев, што Неговиот живот бил во опасност." — *Копнежот на вековите, 392.*

б. Што се случува со телесните срца? Римјаните 16:17, 18.

„Пофалбите и ласкањата би биле пријатни за нивните уши, но вистината им била непожелна; не можеле да ја поднесат. Кога ги следел многу народ, кога мноштвото било нахрането и одекнувале извици на триумф, нивните гласови силно се слушале во пофалба. Но, кога Божјиот Дух го разоткрил нивниот грев и ги повикал да се откажат од него, тие ѝ свртеле грб на вистината и повеќе не оделе по Исуса." — *Копнежот на вековите, 392.*

в. Освен оние што Го напуштиле Исуса, кој уште во своето срце се соединил со Неговите непријатели, и како се покажала таа негова половична приврзаност? Јован 6:70, 71.

„Христовиот јавен говор во синагогата за лебот на животот бил пресвртница во историјата на Јуда... Тој сфатил дека Исус не нуди земни, туку духовни благодети. Сметајќи се за далекусежен, заклучил дека Исус никогаш нема да дојде до чест и дека нема да може да им обезбеди високи позиции на Своите следбеници. Затоа одлучил да не се врзува премногу за Христос, за да може да се повлече доколку тоа му стане неопходно. Одлучил да биде внимателен. И така и направил.

Од време на време давал израз на сомневањата кои создавале збрка кај учениците. Воведувал расправи и завидливи мислења, повторувајќи ги доказите кои книжевниците и фарисиете ги изнесувале против Христовите тврдења. Сите мали и големи неволји, тешкотии и привидни препреки кон напредокот на евангелието, Јуда ги толкувал како доказ против неговата вистинитост." — *Копнежот на вековите, 719*

5. ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ПРЕДАВНИКОТ

Чет, 10 април

а. Објасни ги карактерните особини што ги негувал Јуда. Јован 12:4–6; Изреки 3:32.

_____

„(Јуда) истакнувал стихови од Светото Писмо што немале никаква врска со вистините што Христос ги презентирал. Овие стихови, извадени од својот контекст, внесувале забуна меѓу учениците и ја зголемувале нивната малодушност, која постојано ги притискала. Но, Јуда го правел сето тоа на таков начин што изгледало како да е совесен човек." — *Копнежот на вековите, 719.*

б. Кое ветување често се потврдува во нашето верско искуство – дури и во случаи како оваа криза во Галилеја? Римјаните 8:28.

_____

„Кога Исус ја изнел пробната вистина која предизвикала толкав број Негови ученици да се одвратат, Тој знаел каков ќе биде резултатот на Неговите зборови, но сакал да изврши една цел на милоста. Тој видел дека во часот на искушението секој од Неговите љубени ученици ќе биде ставен на страшна проба. Неговата агонија во Гетсиманија, предавството, судењето и распнувањето, за нив ќе претставуваат најголема проба. Кога не би постоел претходен тест, со учениците би биле поврзани мнозина поттикнати само од себични побуди. Кога нивниот Господ ќе биде осуден во судницата; кога мноштвото луѓе, кои некогаш го поздравувале Него како нивен цар му се исмејувале и го навредувале; кога мноштвото народ што се подбивал, викал: „Распни го!" кога се разочарале во своите световни амбиции овие себични луѓе, откажувајќи ја својата верност кон Исуса, би им нанеле на учениците уште една горчлива и тешка болка, како додаток на нивната тага и разочарување поради пропаѓање на нивните најдраги надежи. Во тој час на темнина, примерот на оние што се одвратиле од Него, можел да повлече и други со нив. Затоа Исус ја предизвикал оваа криза уште додека со Своето лично присуство можел да ја зајакне верата на Своите вистински следбеници. Копнежот на вековите, 394.

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 11 април

1. **Како треба да го „јадеме телото на Синот Човечки и да ја пиеме Неговата крв"?**
2. **Што значи да се гледа на Исус?**
3. **Зошто некои луѓе се навредиле од Христовите зборови?**
4. **Што направиле потоа и на кој начин тоа претставува предупредување за нас?**
5. **Опиши ја духовната состојба на Јуда по овој настан и неговото влијание.**

Исус на празникот Сеници

„И се чудеа на Неговата наука, зашто Неговото слово беше силно“ (Лука 4:32).

Предлагаме да прочитате: *Мисли од гората на блаженството, 31–35.*

„Исус знаел по што копнеат душите. Сјајот, богатството и почестите не можат да ја задоволат жедта на срцето. ‘Ако некој е жеден, нека дојде кај Мене.’ Богатите и сиромашните, моќните и скромните – сите се добредојдени. Тој ветува дека ќе го олесни товарот на душата, ќе го утеши оној што тагува и ќе му влее надеж на оној што е во очај.“ — *Копнежот на вековите, 454.*

1. ИСУСОВИОТ ЖИВОТ ВО ДОМОТ

Нед, 13 април

а. Со каков сериозен предизвик се соочил Исус во Својот дом? Јован 7:5.

_____

„Уште од најраните денови, Исус почнал сам да го обликува Својот карактер. Дури ни почитта и љубовта кон Неговите родители не можеле да Го одвојат од послушноста кон Божјата Реч. ‘Пишано е’ – ова била Неговата причина за секоја постапка што се разликувала од семејните обичаи. Но, рабините со своето влијание му го загорчувале животот. Уште во Својата младост Тој морал да ја научи тешката лекција на молчење и трпелива истрајност.

Неговите браќа – како што биле нарекувани Јосифовите синови – застанале на страната на рабините. Тие тврделе дека традициите мора да се почитуваат како Божји барања. Тие дури повеќе ги ценеле човечките одредби отколку Божјата Реч и чувствувале голема непријатност поради Неговата способност јасно да го разликува вистинското од лажното. Го осудувале Неговото строго покорување на Божјиот Закон и го сметале за тврдоглавост. Биле изненадени од знаењето и мудроста што Тој ги покажувал во разговорите со рабините. Тие знаеле дека Тој не примил образование од мудрите учители, но сепак увиделе дека Тој ним им бил учител. Сфаќале дека Неговото знаење е повозвишено од нивното. Но не разбрале дека Тој има пристап до дрвото на животот – изворот на знаењето што ним им бил непознат.“ — *Копнежот на вековите, 86.*

а. Што му предложиле на Исус Неговите браќа во исчекување на годишниот празник Сеници? Јован 7:3, 4.

_____

„Неговите браќа сметале дека греши што се отуѓува од големите и учени луѓе во народот. Тие верувале дека овие луѓе мора да бидат во право и дека Исус прави грешка поставувајќи Себеси во спротивставеност со нив. Сепак, биле сведоци на Неговиот беспрекорен живот, и Неговите дела оставиле длабок впечаток врз нив, иако не се сметале себеси за Негови ученици. Неговата популарност во Галилеја им годела на нивната амбиција, па се надевале дека Тој ќе даде јасен доказ за Својата сила – доказ што ќе ги принуди фарисеите да признаат дека Тој навистина е Она што тврдел дека е. А што ако Тој навистина е Месијата, Принцот на Израел? Оваа мисла горделиво ја негувале во своите срца.

Толку многу го посакувале тоа, што го поттикнувале Христос да појде со нив во Ерусалим: 'Излези одовде,' велеле, 'и оди во Јудеја, за да можат и Твоите ученици да ги видат Твоите дела што ги правиш. Зашто никој не прави нешто тајно, ако сака да биде познат јавно. Ако Ти ги вршиш овие дела, покажи му се на светот.' Зборот 'ако' изразувал сомнеж и неверие. Му припишувале страшливост и слабост. Ако навистина знаел дека е Месијата, зошто тогаш таа чудна повлеченост и неактивност? Ако навистина имал таква сила, зошто да не оди храбро во Ерусалим и да го докаже Своето тврдење? Зошто да не ги изврши во Ерусалим оние прекрасни дела за кои се зборувало низ цела Галилеја? 'Немој да се криеш во зафрлени области и да вршиш силни дела за доброто на неуките селани и рибари. Покажи се во престолнината, осигурај ја поддршката на свештениците и поглаварите, обедини го народот за воспоставување на новото царство.'" — *Копнежот на вековите, 450.*

б. Објасни го проблемот со кој секогаш се соочувале кротките луѓе. Псалм 86:14.

_____

„Тие му ги зборувале овие работи на Исус од себични побуди, кои често се појавуваат во срцата на оние што сакаат да се истакнат. Тој дух бил владејачкиот дух на светот. Биле соблазнети затоа што Христос, наместо да копнее по земно царство, за Себе рекол дека е лебот на животот. Биле многу разочарани кога толку многу од Неговите ученици Го напуштиле. И самите се одвратиле од Него, за да го избегнат крстот што би го носеле ако признаат дека Неговите дела јасно откриваат дека Тој е испратен од Бога." — *Копнежот на вековите, 451.*

а. Кои спротивставени ставови се појавиле за Исус? Јован 7:11, 12.

_____

„Веста за Христовите чуда брзо се раширила од Ерусалим насекаде каде што живееле Евреите. Иако веќе многу месеци не присуствувал на празниците, интересот за Него не се намалил. Многумина од различни краеви на светот дошле на празникот Сеници, надевајќи се дека ќе Го видат. На почетокот на празникот, многумина се распрашувале за Него. Фарисеите и поглаварите очекувале дека Тој ќе дојде и се надевале дека ќе им се пружи можност да Го осудат. Желно прашувале: 'Каде е Тој?' – но никој не знаел. Сите биле окупирани со мислата за Него. Од страв од свештениците и поглаварите, никој не се осмелувал јавно да го изрази своето убедување дека Тој е Месијата. Но, насекаде, тивко и сериозно, се зборувало за Него. Многумина Го бранеле како Божји пратеник, додека други Го осудувале како измамник што го заведува народот." — *Копнежот на вековите, 451, 452.*

б. На кој начин Исус ги замолкна спротивставените мислења за Него? Јован 7:14–18; Лука 4:32.

_____

„За време на свеченоста, кога возбудувањето околу Него достигнало кулминација, Тој, во присуство на мноштво луѓе, влегол во предворјето на храмот. Поради Неговото отсуство на почетокот на празникот, се зборувало дека Тој не се осмелува да се појави пред свештениците и поглаварите. Затоа сите биле изненадени од Неговата појава. Настанала тишина. Сите биле восхитени од Неговото достоинство и храброст да застане среде своите моќни непријатели, кои сакале да Го уништат.

Стоејќи во центарот на вниманието на собраниот народ, Исус им се обратил на начин како никој друг дотогаш. Неговите зборови откриле такво познавање на законот, израелските установи, жртвените обреди и учењата на пророците, кое далеку го надминувало знаењето на свештениците и рабините. Ги срушил бариерите на формализмот и традициите. Изгледало како пред Него да лежат отворени сите настани на идниот живот. Зборувал со неприкосновен авторитет за земното и небесното, за човечкото и божественото – како Оној што Го гледал Невидливиот. Неговите зборови биле совршено јасни и убедливи, и народот, како и некогаш во Капернаум, бил зачуден од Неговото учење, 'бидејќи Неговото слово беше силно' (Лука 4:32)... Сите се чуделе на Неговото длабоко познавање на законот и пророштвата." — *Копнежот на вековите, 452, 453.*

а. Што забележал Исус кај рабините и кое прашање им го упатил? Јован 7:19.

_____

_____

„Исус им дал доказ на рабините за Своето божество покажувајќи им дека знае што се крие во нивните срца. Тие сакале да Го уништат уште од денот кога Го излекувал болниот во Витезда, а притоа го прекршувале токму оној закон што тврделе дека го бранат. Тогаш Исус им рекол: 'Зар Мојсеј не ви го даде законот? Но никој од вас не го извршува законот. Зошто сакате да Ме убиете?'" — *Копнежот на вековите, 456.*

б. Во својот одговор на Христа, за што Го обвинија рабините и како им одговорил Тој? Јован 7:20–23.

_____

_____

„На тие инсинуации (дека Неговите прекрасни дела се поттикнати од злобен дух), Христос не обрнувал внимание. Тој сакал да покаже дека исцелувањето во Витезда било во совршена хармонија со Саботата и дека било оправдано дури и според толкувањето што Евреите му го давале на Законот. Тој рекол: 'Вам Мојсеј ви даде обрезание... и вие во саботен ден обрежувате човек.' Според законот, секое дете морало да биде обрежано на осмиот ден. Ако тој ден бил Сабота, обредот морал да се изврши без одлагање. Колку повеќе, тогаш, треба да биде во склад со духот на законот да се 'исцели сиот човек во саботен ден.'" — *Копнежот на вековите, 456.*

с. Објасни шири значај следећег Христовог упозорења. Јован 7:24.

_____

„Поглаварите замолкнале, а многумина од народот извикале: 'Зар ова не е оној што сакаат да го убијат? А, еве, Тој слободно зборува и ништо не му велат. Да не се увериле и поглаварите дека Тој навистина е Христос?' — *Копнежот на вековите, 457.*

„(Христос) не гледа на надворешниот изглед; Тој не суди како што суди човекот. Тој не го вреднува човекот според неговиот статус, талент, образование или положба. 'А еве на кого ќе погледнам — изјавува Тој, на понизниот и скршениот по дух и на оној што трепери пред Моето слово.'" — *The Signs of the Times, October 21, 1897.*

5. БОЖЈИОТ СУД НАСПРОТИ ЧОВЕЧКИОТ

Чет, 17 април

а. Како Светото Писмо ја опишува менталната состојба на општеството во денешниот свет – често слично на она од старите времиња, а особено денес? Исаија 59:14, 15.

_____

_____

„Претставниците на злото се здружуваат и ги зацврстуваат своите сили. Тие се подготвуваат за последната голема криза. Наскоро ќе се случат големи промени во светот, а последните настани ќе се развиваат нагло...

Непријателот успеал да ја изопачи правдата и да го исполни човечкото срце со жед за себична добивка. Плачењето на напатеното човештво се издига кон Бога, додека луѓето, користејќи ги сите можни средства за угнетување и изнудување, натрупуваат огромни богатства." — *9 Сведоштво, 11, 12.*

б. Среде превирања и немири, како можеме да имаме доверба во Божјите патишта? Исаија 55:8, 9.

_____

_____

_____

„Иако ограниченият човечки ум е неспособен да навлезе во советите на Бесконечниот и целосно да ги сфати Неговите намери, сепак, причината зошто луѓето не можат толку добро да ги сфатат небесните пораки често лежи во нивните многубројни заблуди и во нивната немарност. Неретко умовите на луѓето, па дури и на Божјите слуги, се толку заслепени со човечки мислења, со преданија и со лажни учења, и поради тоа само делумно може да ги сфатат големите нешта што Тој ги открил во Своето слово." — *Големата борба, 344*.

„Божјиот идеал за Неговите деца е повозвишен од тоа што може да го замисли и најголемата човечка мисла. Тој во Својот свет закон дал препис на Својот карактер." — *8 Сведоштво, 63.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 18 април

1. **Опиши го домашното опкружување во кое растел Исус.**
2. **На кој начин однесувањето на Христовите браќа често се повторува и денес?**
3. **Кои спротивставени мислења кружеле за Исус?**
4. **Објасни го духот што го покажале рабините кон Исус.**
5. **Опиши ја големата спротивност меѓу Божјите и човечките патишта.**

Никогаш човек не говорел така како Овој Човек

„А слугите одговорија: 'Никогаш човек не говорел така како Овој Човек'" (Јован 7:46).

Предлагаме да прочитате: *Testimonies to Ministers, pp. 506–512.*

„'Спознавањето и ценењето на вистината,' рекол Тој, 'зависи помалку од разумот отколку од срцето'" — Копнежот на вековите, 455.

1. ИНТЕРЕСОТ НА НАРОДОТ ЗА ИСУС

Нед, 20 април

а. Гледајќи и слушајќи го Исуса како отворено проповеда, какво прашање поставиле некои Евреи? Јован 7:25, 26.

_____

_____

„Меѓу Христовите слушатели имало многу жители на Ерусалим, кои добро ги знаеле заговорите на поглаварите против Него. Сепак, почувствувале дека некаква неодолива сила ги привлекува кон Него. Во нивните срца се раѓало уверувањето дека Тој навистина е Божјиот Син." — *Копнежот на вековите, 457.*

б. На кој начин сатаната делувал врз поглаварите и предизвикал сомнеж во нив? Јован 7:27.

_____

„Но сатаната бил подготвен да посее сомнежи, а нивните погрешни идеи за Месијата и Неговото доаѓање му го олесниле патот. Општо било прифатено верувањето дека Христос ќе се роди во Витлеем, но дека по извесно време ќе исчезне и при Неговото повторно доаѓање никој нема да знае од каде дошол. Многумина сметале дека Месијата нема да има никаква природна поврзаност со човештвото. Бидејќи Исус не одговарал на нивното широко распространето сфаќање за славата на Месијата, многумина се поведувале по сугестијата: 'Но овој Човек ние знаеме од каде е, а кога ќе дојде Христос, никој нема да знае од каде е'" — *Копнежот на вековите, 457.*

а. Откако ги прочитал мислите на Своите сомничави слушатели, што им рекол Исус? Јован 7:28.

_____

_____

„Додека се колебале помеѓу сомнежот и верата, Исус ги прочитал нивните мисли и им одговорил: 'Вие Мене ме познавате и знаете од каде сум; но Сам од Себе не дојдов, туку вистински е Оној што Ме прати, Кого вие не го познавате.' Тие тврделе дека знаат од каде потекнува Христос, но всушност воопшто не Го познавале. Ако живееле во согласност со Божјата волја, тие би Го препознале Неговиот Син во моментот кога Тој им се откри" — *Копнежот на вековите, 457.*

б. Бидејќи немале аргументи да го побијат Исуса, на кој начин еврејските водачи се обидоа да Го замолкнат? Јован 7:30 (првиот дел). Зошто, всушност, не можеа да Го уапсат? Јован 7:30 (последниот дел).

_____

_____

„Неговите зборови биле толку јасни, што немале како да не ги разберат. Очигледно, со тоа било повторено истото тврдење што го изнел пред Синедрионот неколку месеци порано, кога Себеси се објавил како Божји Син. Како што тогаш сакале да Го убијат, така и сега поглаварите се обидувале да Го фатат. Но ги спречувала една невидлива сила, која поставила граница на нивниот бес, говорејќи им: 'До овде ќе дојдеш, а понатаму не'"— *Копнежот на вековите, 457.*

в. На кој начин многумина ја покажале својата вера во Исуса, и што планирале да направат поглаварите откако увиделе дека народот е наклонет кон Него? Јован 7:31, 32.

_____

_____

_____

„Фарисеите и поглаварите, кои внимателно ги следеле настаните, забележале знаци на наклонетост кон Исус меѓу мноштвото. Тие веднаш отишле кај главните свештеници и ги изнеле своите планови да Го уапсат. Меѓутоа, имале намера да го сторат тоа кога Тој ќе биде сам, не осмелувајќи се да Го фатат во присуство на народот" — *Копнежот на вековите, 457.*

а. Со каква прекрасна илустрација се послужил Исус последниот ден од празникот за да понуди утеха на душата оптоварена со грев? Јован 7:37, 38.

„Срцето кое ја прима Божјата Реч не е извор кој пресушува, ниту разурнат кладенец кој нема вода. Тоа е како планинска река напојувана од непресушни извори чија студена и свежа вода жубори околу карпите, крепејќи ги уморните, жедните и изнемоштените. Тоа наликува на река која секогаш тече, и во својот тек станува сè подлабока и поширока, додека на крајот нејзината вода не се разлие низ целата земја. Тоа е река која тече весело и остава зад себе дарови на зеленило и богат род. Тревата на нејзиното крајбрежје е свежо зелена, дрвјата имаат побогати крошни и цвеќиња има многу повеќе. За време на летната суша, кога целата земја ќе се исуши и соголи, една зелена линија го обележува текот на реката.

Така е и со вистинското Божјо дете. Христовата религија се открива како животворна семоќна сила, како жива, делотворна, духовна енергија. Ако срцето се отвори и ја прими небесната сила на вистината и љубовта, овие начела ќе потечат како река во пустина и ќе создадат зеленило таму каде што сега владее суша и пустош." — *Пророци и цареви, 233, 234*.

„'Кој е жеден' за надеж, спокој и ослободување од грешните склоности, Христос му вели: 'нека дојде кај Мене да пие' (Јован 7:37)." — *Здравје и среќа, 179*.

б. Како овој повик треба подлабоко да се разбере? Јован 7:39.

_____

„Христос во евангелијата ги изложил начелата на вистината. Во Неговото учење можеме да пиеме од чистата вода што тече од Божјиот престол." — *8 Сведоштво, 309*.

„Нам ни е потребна жива вера. Едноставниот поединец што има сестрано сфаќање на должноста, чијашто душа е во заедништво со Бога и кој е полн со ревност за Христа, може да има моќно и благотворно дејство. Тој не пие од плитките, заматени и загадени реки, туку од чистиот, возвишен извор и може на црквата да ѝ даде нов дух и нова сила. Бог сака Неговата црква да биде поткрепена со светите вистини во кои веруваме за да може да издржи кога ќе се засили притисокот однадвор. Работејќи преку Божјите синови и ќерки, небесниот Свети Дух ќе ги победи сите препреки, ќе ја чува и ќе ја сочува својата положба од непријателите. Бог ќе му подари големи победи на Својот народ кој ја сака вистината и ги држи Неговите заповеди." — *5 Сведоштво, 581*.

а. Како резултат на Христовата забелешка за водата на животот, што заклучиле многумина – и зошто? Јован 7:40 (спореди со Второзаконие 18:15).

_____

б. Додека на некои ова гледиште им донело надеж, како реагирале другите? Јован 7:41–44.

_____

в. Која наредба ја добиле слугите од своите поглавари? Јован 7:45. Зошто не можеле да се организираат за да Го уапсат Исуса? Јован 7:46.

„Последниот ден од празникот, слугите што биле испратени од свештениците да го уапсат Исуса се вратиле без Него. Свештениците луто запрашале: 'Зошто не го доведовте?' Тие со свечен израз на лицето одговориле: 'Никогаш ниту еден човек не зборувал како овој Човек'.

Иако нивните срца биле доста стврднати, тие биле растопени од Неговите зборови. Додека Тој зборувал во предворјето на храмот, тие се задржувале во близина, за да слушнат нешто што би можеле да го свртат против Него. Но, додека слушале, целта за која биле пратени била заборавена. Тие стоеле како маѓепсани. Христос им се открил Себеси на нивните души. Тие го виделе она што свештениците и поглаварите не сакале да го видат човечкото осветлено со славата на божеството." — *Копнежот на вековите, 459.*

„(Христос), исто така, ги користел познатите појави од природата за да им ги открие божествените вистини. Така почвата на срцето била подготвена да го прими доброто семе. Тој настојувал Неговите слушатели да почувствуваат дека се грижи за нивното добро, дека Неговото срце ги чувствува нивните радости и болки. Истовремено, тие во Него виделе откровение на сила и совршенство кои далеку ги надминувале доблестите на нивните најугледни рабини. Христовите учења се одликувале со едноставност, достоинство и сила кои дотогаш им биле непознати, и тие без да сакаат зборувале: 'Никогаш човек не говорел така како Овој Човек' (Јован 7:46). Народот со радост Го слушал; но свештениците и поглаварите - кои ја изиграле довербата што им била дадена како чувари на вистината - го мразеле Христа токму затоа што со своите доблести ги одвратил од нив масите народ, упатувајќи ги да одат по Светлината на животот. Под нивното влијание, еврејскиот народ, кој не можел да го сфати Неговиот божествен карактер, го отфрлил Откупителот." — *5 Сведоштво, 746.*

5. СОЗРЕВАЊЕ НА ИСКРЕНИОТ БАРАТЕЛ

Чет, 24 април

а. Како свештеничките поглавари и фарисеите ги укориле слугите? Јован 7:47–49.

_____

б. Опишете го разговорот што следувал со Никодим, откривајќи го неговото созревање по ноќниот разговор со Исус, запишан во третото поглавје на Евангелието според Јован? Јован 7:50–52.

„(Никодим) ја сокрил вистината во своето срце и за три години се појавиле многу малку видливи плодови. Меѓутоа, иако не го признал ја¬вно Христа, Никодим во советот на Синедрионот повеќепати ги осуетил намерите на свештениците да го убијат." — *Делата на апостолите, 104*.

„Поуките што Христос му ги дал на Никодим (за време на неговата ноќна посета, запишана во третото поглавје на Евангелието според Јован) не биле дадени залудно. Убедувањето се зацврстило во неговиот ум, и тој во своето срце Го прифатил Христа. По разговорот со Спасителот, тој усрдно ги истражувал светите списи од Стариот завет и ја препознал вистината поставена во вистинската рамка на евангелието.

Прашањето што го поставил Никодим било многу мудро, и да оние што претседавале во Синедрионот не биле измамени од непријателот, тие ќе ја прифателе таа забелешка. Меѓутоа, тие биле толку полни со предрасуди што ниту еден аргумент во корист на Исус Назареецот, без разлика колку бил убедлив, не им значел ништо ниту имал вредност за нив. Одговорот на Никодимовото толку логично прашање бил: 'Да не си и ти од Галилеја? Испитај и ќе видиш дека пророк од Галилеја не доаѓа.'

Верувајќи дека Христос дошол од Галилеја, свештениците и поглаварите биле измамени, како што сатаната и сакал да бидат. Некои од нив, кои знаеле дека Тој е роден во Витлеем, молчеле за лагата да не ја изгуби својата сила." — *The SDA Bible Commentary (E. G. White Comments), vol. 5, p. 1136*.

ПИТАЊА ЗА РАЗМИШЛЬАЊЕ:

Пет, 25 април

1. **Зошто Исус го привлекувал вниманието и почитта на народот?**
2. **На кој начин еврејските водачи упорно истрајувале во своите напори да Го запрат Исуса?**
3. **Кој јавен повик Исус го упатил последниот ден од празникот?**
4. **Објасни ја големата полемика и резултатот што таа го произвела.**
5. **Размислувајќи за луѓето што ги познавам, на што треба да се потсетам за Никодим?**

Дар во првата Сабота

Сабота, 3 мај 2025.



За светските мисии

И денес одѕвонува пораката за сите времиња:

„Во нашите цркви мора да оживее духот на мисионерството. Секој член на црквата треба да размислува за тоа како да го потпомогне напредокот на Божјото дело, како во домашните мисии, така и во странските земји. На мисионерските полиња е направен едвај илјадити дел од она што треба да се направи. Бог ги повикува Своите работници да придобиваат за Него нови полиња. Богати, обработливи полиња чекаат на верни работници, а ангелите служители ќе соработуваат со се кој член на црквата кој сака несебично да работи за Учителот.

Христовата заедница на Земјата е основана за мисионски цели и Господ сака цела црква да пронаоѓа патишта и средства за да можат високите и ниските, богатите и сиромашните да ја слушнат веста на вистината. Не се сите повикани на лична работа во странските полиња, но со своите молитви и своите дарови сите можат нешто да направат за да ја помогнат мисионерската работа.

Еден американски бизнисмен, кој беше сесрден христијанин, рече во разговор со еден свој пријател дека секојдневно дваесет и четири часа работи за Христа. 'Се трудам во сите свои деловни работи,' рече тој, 'да го прикажам својот Господар. Секогаш кога ќе ми се пружи можност, се трудам да придобивам други за Него. Цел ден работам за Христа. А ноќе, додека спијам, имам човек кој работи за Него во Кина'.

Во објаснувањето додал: 'Во младоста одлучив како мисионер да одам меѓу незнабошците. Меѓутоа, кога почина татко ми, морав да го преземам неговиот бизнис, за да можам да го издржувам семејството. Сега, наместо да одам самиот, јас издржувам еден мисионер. Мојот работник се наоѓа во одреден град во Кина. И така, дури и кога спијам, работам за Христа преку својот застапник.'" *— 6 Сведоштво, 29, 30.*

Сега е, повеќе од кога било порано, време да вложуваме во небесната банка преку светските мисии. Подоцна нема да биде полесно, а можеби тогаш ќе биде предоцна. Душите пропаѓаат без Христос и сегашната вистина, а Господ ни ја довери драгоцената светлина што треба да ја однесеме на целиот свет.

Ве молиме великодушно да ги приложите вашите дарови, и нека Господ обилно ве благослови и вас и вашиот дар. Ви благодариме!

Вашите браќа од Генералната конференција

„Ниту јас не те осудувам“

„Ниту јас не те осудувам: оди, и не греши веќе“ (Јован 8:11, последен дел).

Предлагаме да прочитате: *2 Сведоштво, 73–77.*

„Христијанската љубов бавно укорува, брзо го воочува покајанието, подготвена е да прости, да охрабри, да го изведе заблудениот на патеката на светоста и да ги задржи неговите стапала на неа.“ — Копнежот на вековите, 462.

1. ЗАМКА ЗА ИСУС

Нед, 27 април

а. Додека Исус поучувал во храмот, што направиле книжниците и фарисеите? Јован 8:2–3.

_____

_____

„(Христос) Набргу бил прекинат. Му пристапила една група фарисеи и книжевници, влечејќи со себе една ужасена жена, која со остри и лути гласови ја обвинувале дека ја прекршила седмата заповед.“ — *Копнежот на вековите, 460.*

б. Пројавувајќи наизглед голема почит кон законот, кое прашање му го поставија фарисеите на Христос и која беше нивната вистинска намера? Јован 8:4–6 (прв дел).

_____

_____

_____

„Нивното наводно почитување го прикривало тајниот и внимателно испланиран план за Неговата пропаст. Сакале да ја искористат оваа можност да издејствуваат Негова осуда, бидејќи, каква и да била Неговата одлука, би имале причина да го обвинат. Ако ја ослободи жената, би можеле да Го обвинат дека го презира Мојсеевиот закон. А ако каже дека заслужува смрт, би можеле да Го пријават кај Римјаните, обвинувајќи Го дека си присвојува власт што им припаѓа само ним.“ — *Копнежот на вековите, 460.*

а. Како одговорил Исус на лагите на фарисеите? Јован 8:6 (последен дел).

_____

„Исус еден момент ја набљудувал таа сцена – жртвата што треперела од срам и големодостојниците со сурови лица, лишени од секакво човечко сожалување. Неговиот совршено чист дух се згрозил од оваа сцена. Добро знаел зошто ја довеле оваа жена пред Него. Ги читал срцата и го познавал карактерот и животната историја на сите што стоеле пред Него. Овие таканаречени чувари на правдата сами ја навеле својата жртва на грев за да му постават стапица на Исуса. Не покажувајќи никаков знак дека го слушнал нивното прашање, Исус се наведнал, и гледајќи во земјата, почнал да пишува во правта." — *Копнежот на вековите, 461.*

б. Како Исус им покажал на обвинителите дека ни тие самите не се без грев и што направија тогаш? Јован 8:7–9.

_____

„Тужителите биле поразени. Сега, откако од нив биле симнати облеките на наводната светост, стоеле виновни и осудени пред Бесконечната Чистота. Трепереле од страв дека нивното скриено беззаконие ќе биде разоткриено пред мноштвото. И така, еден по еден, со наведнати глави и избегнувајќи погледи, крадешкум си заминале, оставајќи ја својата жртва насамо со сочувствителниот Спасител." — *Копнежот на вековите, 461.*

в. Општо кажано, што сите ние треба да научиме од зборовите што Исус им ги упатил на обвинителите? Лука 6:42.

_____

„Има луѓе кои пребрзо сакаат да го исправат она што, според нив, е погрешно. Тие сметаат дека треба нив да ги изберат наместо оние што згрешиле. Го потценуваат сето она што тие работници веќе направиле, додека самите само набљудувале и критикувале. Со своите дела тие зборуваат: 'Јас сум во состојба да извршам подобри работи. Јас можам успешно да го водам делото.' Но, наложено ми е да ви кажам: 'Не судете, за да не ви се суди' (Матеј 7:1). Можеби ќе избегнете грешки во еден правец, но затоа сте во состојба да направите противење грешки во некој друг правец, грешки кои многу тешко ќе се исправат и кои можат многу да ѝ на штетат на работата. Овие грешки можат да бидат од поголема штета од оние кои ги направија вашите браќа." — *7 Сведоштво, 279.*

а. Какво прашање ѝ упатил Исус на жената откако нејзините обвинители си заминаа? Како начинот на кој Тој се однесуваше во оваа ситуација влијаеше на нејзиниот живот? Јован 8:10, 11.

„Жената стоела пред Христа, растреперена од страв. Неговите зборови: 'Кој од вас е без грев, прв нека фрли камен на неа', нејзе ѝ звучеле како смртна пресуда. Таа не се осмелувала да ги подигне очите кон Христовото лице, туку тивко ја очекувала својата судбина. Потоа вџашено гледала како нејзините обвинители заминуваат вознемирени и без збор. А тогаш до нејзиното уво допреле овие прекрасни зборови на надеж: 'Ни Јас не те осудувам. Оди и не греши повеќе'. Нејзиното срце се растопило и паѓајќи пред Христовите нозе со горчливи солзи, таа липајќи и со благодарна љубов ги исповедала своите гревови.

За неа тоа бил почеток на еден нов живот, живот во чистота и мир, посветен на Бога. Исчистувајќи ја оваа паднатa душа, Исус направил поголемо чудо, отколку исцелувајќи болни од најстрашни физички болести. Тој излекувал духовна болест, која води во вечна смрт. Оваа жена што се покајала, станала еден од Неговите најпостојани следбеници. Таа ја покажала својата благодарност поради љубовта, која простува, со самопожртвувана љубов и преданост. За оваа грешна жена светот имал само презир и потсмев, но Безгрешниот се смилувал на нејзините слабости и ѝ подал рака на помош. Додека лицемерните фарисеи ја осудувале, Исус ѝ рекол: 'Оди и не греши повеќе.'" — *Здравје и среќа, 89*.

„Давајќи ѝ прошка на оваа жена и охрабрувајќи ја да живее подобар живот, Христовиот карактер зрачел со убавината на совршената праведност. Иако Тој не го оправдува гревот, ниту го намалува чувството на вина, Неговата цел не била да осудува, туку да спасува. Светот ѝ покажал само презир и подбив, но Исус ѝ изговорил зборови на утеха и надеж." — *Копнежот на вековите, 462*.

б. Опиши го ефектот на Христовата спасоносна милост. Лука 7:37–40, 47, 48.

_____

„Исус ги познава околностите на секоја душа. Колку е поголема вината на грешникот, толку е поголема и неговата потреба од Спасителот. Неговото срце, исполнето со Божја љубов и сочувство, најсилно се привлекува кон оние што се речиси без надеж, фатени во стапиците на непријателот. Со Својата сопствена крв, Тој го потпишал документот за ослободување на човечкиот род." — *Здравје и среќа, 89, 90*.

а. Што треба да биде одлика на нашето однесување, особено во односите со нашите ближни, и на кој начин тоа е единствено можно? 2 Коринтјаните 1:3–5.

_____

_____

„Човекот кој е во мир со Бога и со своите ближни не може да биде несреќен. Во неговото срце нема место за завист; Злите претпоставки не можат да се задржат во него; Омразата не може да опстои. Срцето што е во хармонија со Бога е издигнато над незгодите и искушенијата на овој живот." — *5 Сведоштво, 488*.

„Христос токму низ страдањето го стекнал искуството на утешител. Тој учествувал во сите човечки таги (Исаија 63:9). 'Зашто во она, што Сам претрпе, откако беше искушан, во тоа ќе може и на искушуваните да им помогне' (Евреите 2:18). И сите оние што стапиле во заедница со Неговите страдања ја имаат привилегијата да учествуваат во оваа служба." — *Мисли од гората на блаженството, 13*.

б. Опишете ја единствената надеж и привилегија што ја имаме следејќи ги Христовите стапки. 2. Коринтјаните 1:6, 7.

_____

_____

„Ако не чувствувате дека е чест да учествувате во Христовите страдања, ако во своите души не носите товар за спасението на оние што се во опасност, ако не сте подготвени да се жртвувате за да обезбедите средства за делото што мора да се изврши – тогаш за вас нема да има место во Божјото царство. Мораме да учествуваме со Христос во Неговите страдања и на секој чекор да се угледуваме на Неговото самоодрекување. Неопходни ни се присуството и помошта на Светиот Дух за да нè води кон постојано самопожртвување." — *9 Сведоштво, 103, 104*.

в. Опишете ја особината што е најпотребна меѓу верниците во тројната ангелска порака. 1. Коринтјаните 13:13, 4–8.

_____

_____

„Особините што најмногу треба да се негуваат кај народот кој ги држи Божјите заповеди се воздржувањето, долготрпението, мирот и љубовта. Таму каде што нема љубов, настанува ненадоместлива загуба." — *6 Сведоштво, 398, 399*.

5. НЕЖНО ОБНОВУВАЊЕ

Чет, 1 мај

а. Како ќе се однесуваат вистинските верници ако друг христијанин падне во грев – за разлика од она што лажните верници често го прават? Галатјаните 6:1–3; Римјаните 15:1–3.

_____

_____

„Имајте на ум дека делото на обновување е наша задача. Тоа дело не може да се врши на горделив, несоодветен и заповеднички начин. Со своето однесување не зборувајте: 'Имам власт и ќе ја користам', ниту, пак, опсипувајте го со обвинувања оној што е во заблуда. Поправајте со 'дух на кротост, пазејќи се и вие да не бидете искушани'. Работејќи за своите браќа, не смееме да постапуваме на начин што ќе ги одбие, ниту да ги обесхрабриме и доведеме до очај, велејќи: 'Ти ме разочара, и нема веќе да се трудам да ти помагам.' Оној што вообразува дека е полн со мудрост и сила, а ги притиска потчинетите, оние што се во неволја и копнеат за олеснување, покажува фарисејски дух и се облекува во облека на својата таканаречена достоинственост. Во таквиот дух, тој Му заблагодарува на Бога што не е како останатите луѓе, верувајќи дека неговиот живот заслужува пофалба и дека е премногу силен за да биде искушуван. 'Зашто оној, кој сам себе се смета за нешто, а не е ништо, тој се мами самиот себе' (Галатјаните 6:3)".— 6 Сведоштво, 398.

„Човекот што го свртува својот поглед од заблудените, дозволувајќи им непречено да продолжат да паѓаат сè подлабоко, не е вистински Христов следбеник. Оние што најчесто предводат во осудата на другите и најревносно бараат нивно казнување, честопати се дури и поголеми виновници во сопствениот живот. Луѓето го мразат грешникот, но го љубат гревот. Христос го мрази гревот, но го љуби грешникот. Таков ќе биде и духот на сите што одат по Него. Христијанската љубов бавно укорува, но брзо го воочува покајанието. Таа е подготвена да прости, да охрабри, да го изведе заблудениот на патеката на светоста и да ги зацврсти неговите чекори на неа." — *Копнежот на вековите, 462.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 2 мај

1. **Објаснете ја замката што книжниците и фарисеите ја подготвија за Исус.**
2. **Како лицемерните Евреи покажуваа привидна почит кон законот?**
3. **Што мораа да признаат за себе Евреите обвинители?**
4. **Опиши ја надежта што ѝ беше укажана на заблудената и малтретирана жена.**
5. **Како можам да бидам посличен на Исус во однесувањето кон заблудените души?**

Исус – Светлината на светот

„И пак им рече Исус, велејќи: 'Јас сум Светлината на светот; кој врви по Мене нема да оди во темнина, а ќе ја има светлината во животот'" (Јован 8:12).

Предлагаме да прочитате: *1. Сведоштво, 405–409.*

„Како што Месечината и планетите во нашиот Сончев систем ја рефлектираат сончевата светлина, така и големите мислители, доколку нивното учење е исправно, ги одразуваат зраците на Сонцето на Праведноста. Секоја искра на мислата и секој блесок на интелектот потекнуваат од Светлината на светот." — *Воспитување, 13.*

1. СЕЌАВАЊЕ НА СОЗДАВАЊЕТО

Нед, 4 мај

а. Што создаде Бог на првиот ден од создавањето? Создавање 1:3–5.

_____

_____

„На почетокот, кога била изговорена Речта на создавањето, светлината заблескала од темнината." — *Копнежот на вековите, 464.*

б. Кој беше присутен при создавањето на светот – не како обичен набљудувач, туку како активен учесник? Создавање 1:1,2; Јован 1:1,2; Колосјаните 1:16.

_____

_____

„На почетокот, Бог се открил преку сите дела на создавањето. Христос бил Оној што ги распростре небесата и ги поставил темелите на Земјата... Тој ја исполнил земјата со убавина, а воздухот со песна. Врз сè што е на земјата, во воздухот и на небото, Тој ја напишал пораката за љубовта на Таткото." — *Копнежот на вековите, 20.*

„Раката што ги одржува световите во просторот, Раката што сè во Божјата вселена држи во совршен ред и непрестајна активност, Тоа е истата рака што била прикована на крстот – за нас." — *Воспитување, 132.*

а. На кој начин синовите Израилеви беа водени низ пустината? Излез 13:21,22. Објаснете го присуството обвиено во столбот од облак и столбот од оган. Излез 13:21 (прв дел); 1. Коринтјаните 10:1–4.

_____

_____

_____

„Секогаш кога Бог му се јавувал на Својот народ, светлината била симбол на Неговото присуство. На почетокот, кога била изговорена Речта на создавањето, светлината заблескала од темнината. Светлината била скриена во столб од облак дење, а во столб од оган ноќе – и токму тој столб ја водел големата израелска војска." — *Копнежот на вековите, 464.*

б. Што е запишано за Христовото присуство меѓу Израелците во пустината и каква заштита Бог му ветил на Својот народ? Псалм 105:39; Исаија 4:5, 6.

_____

„Во еден од најубавите и најутешните пасуси на Исаијиното пророштво, се прави осврт на столбот од облак и огнот за да ја претстави Божјата грижа за Неговиот народ во големата последна борба со силите на злото." — *Патријарси и пророци, 283.*

в. Како се открил Христос на Синај, и како реагирале Мојсеј и собраниот народ? Излез 19:16–18; 20:18, 19; Евреите 12:21.

_____

_____

„'Славата на Господ беше како огнена сила на врвот на гората' во очите на собраниот народ... Толку страшни беа знаците на присуството на Јехова, што војските на Израел се тресеа од страв и паѓаа на лицата пред Господ." — *Патријарси и пророци, 304.*

„Толку славно беше откривањето на (Христовото) присуство, што смртниот човек не можеше да го поднесе. Мојсеј, кој беше толку многу омилен од Бога, извика: 'Треперам од страв'. Но Бог му даде сила да ја издржи оваа неискажлива слава и да донесе од гората нејзин одраз на своето лице, така што народот не можеше да го погледне право во него" — *Sons and Daughters of God, p. 225.*.

а. На кој начин Христос го објави Своето присуство во шаторот на состанокот? Излез 40:34, 35.

„Израелците во групи брзале сакајќи да ја видат светата градба. Додека тие се гордееле со глетката, над Светилиштето се наднел столб од оган, се спуштил над него и целосно го обвил облак. 'И се наполни шаторот со славата Господова'. Тоа било откровение на Божјото величество, па за извесно време ни Мојсеј не можел да влезе во Светилиштето. Длабоко возбудени, Израелците го посматрале знакот кој им сведочел дека делото на нивните раце било прифатено. Не се слушнал ниту еден глас како израз на радост. Сите биле опфатени со свечена страхопочит. Радоста на нивното срце нашла излив во солзи радоснички и тие тивко шепотеле зборови на сесрдна благодарност на Бога што дошол да престојува меѓу нив" - *Патријарси и пророци, 749,750*

„Над капакот на милоста се наоѓаше Шекината, манифестацијата на божественото Присуство; и од меѓу херувимите, Бог ја соопштуваше Својата волја. Понекогаш божествени пораки му се соопштуваа на првосвештеникот преку глас од облакот. Понекогаш светлина паѓаше врз ангелот оддесно, за да означи одобрување или прифаќање, или сенка или облак се спушташе врз оној одлево, за да открие неодобрување или отфрлање." — *Патријарси и пророци, 349, 350.*

б. Што се случи подоцна при посветувањето на храмот? 2 Летописи 7:1.

„Највеличественото светилиште беше изработено според образецот што Господ му го покажа на Мојсеј на гората, а подоцна и на Давид. Земното светилиште беше направено по пример на небесното. Освен херувимите што стоеја над капакот на Ковчегот, Соломон нареди да се изработат уште два ангела со огромни размери, кои стоеја од двете страни на Ковчегот, претставувајќи ги небесните ангели што будно бдеат над Божјиот закон. Убавината и сјајот на ова свето место не можат да се опишат. Таму, како и во светилиштето, свештениците со најголема почит и стравопочит го внесуваа светиот Ковчег и го поставуваа под крилјата на величествените херувими што стоеја на подот.

Хорот на пејачите, избрани за светата служба, ги издигнуваше своите гласови во слава на Бога, а мелодиите на нивните гласови беа придружени со разни музички инструменти. И додека гласовите на пофалба и слава одекнуваа низ храмот и низ целиот Ерусалим, облакот на Божјата слава го исполни домот, како што некогаш го исполни шаторот на состанокот во пустината. 'Кога свештениците излегоа од светилиштето, облак го исполни домот Господов. И свештениците не можеа да стојат на службата поради облакот, бидејќи светлината Господова го исполни храмот Господов' (1 Цареви 8:10,11)." — *Spiritual Gifts, vol. 4a, pp. 113, 114.*

а. Која Христова порака од Јован 8:12 ни носи величествена надеж?

„„Учените теолози ниту ја познавале ниту ја проповедале таа вистина. Кога би биле верни стражари, кога трудољубиво и со молитва би го проучувале Писмото, тие би го запознале времето на ноќта; од пророчкото слово би ги запознале настаните што треба да се одиграат. Но тие тоа не го сториле и поради нивната рамнодушност веста им е доверена на понизните луѓе... Тие што ќе ја напуштат светлината што им ја дал Бог или што ќе занемарат да ја бараат додека им е при рака, ќе бидат оставени во темнина." — *Големата борба, 312.*

„Господ направил сè што е потребно за да можеме да стекнеме богато, изобилно и радосно искуство. Јован пишува за Христос, велејќи: 'Во Него беше Животот и Животот им беше светлина на луѓето.' Животот е поврзан со светлината, и ако немаме никаква светлина од Сонцето на Праведноста, тогаш немаме ни живот во Христос. Но, оваа светлина е достапна за секоја душа, и само ако се оддалечиме од неа, темнината може да нè обземе. Исус вели: 'Кој оди по Мене, нема да оди во темнина, туку ќе ја има светлината на животот.' Во светот околу нас не може да има живот без светлина. Кога сонцето би ни ги ускратило своите зраци, целиот растителен и животински свет би исчезнал. Ова ја илустрира вистината дека ни ние не можеме да имаме духовен живот ако не се изложиме на зраците на Сонцето на Праведноста. Ако би ставиле расцветано растение во темна соба, тоа наскоро би овенало и умрело; исто така, и ние можеме да имаме духовен живот, но сепак да го изгубиме ако живееме во атмосфера на сомнеж и темнина." — *Sons and Daughters of God, p. 281.*

б. Која сигурност ја добиваме кога ќе се свртиме кон Исус? 2 Коринтјаните 3:18.

„И како што цветот се врти кон сонцето за неговите блескави зраци да му помогнат во постигнување на убавина и склад, така и Христовите следбеници треба да се свртат кон Сонцето на Правдата, за да бидат облеани со небесната светлина, која го усовршува нивниот карактер и им дава длабоко и трајно искуство во она што е Божјо. Нашата сила не е доволна за да разбереме какви благослови ни се нудат преку Христос, освен ако нашите човечки напори не ги обединиме со божествената милост." — *Sons and Daughters of God, p. 26.*

„Оној што искрено ја бара волјата Божја и живее според светлината што ја има, ќе прими уште поголема светлина; на таа душа ќе ѝ биде пратена небесна ѕвезда со посебен сјај да ја води во секоја вистина." — *Големата борба, 312.*

5. СВЕТЛЕЈЌИ ВО НАШИТЕ СРЦА

Чет, 8 мај

а. Како можеме да бидеме воздигнати преку вдахновениот запис на Павле за Светлината на светот? 2 Коринтјаните 4:6.

_____

_____

„Нека душата ви ја исполнат славните претстави за Бога. Дозволете вашиот живот со невидливи врски да биде поврзан со Исусовиот живот. Оној што заповедал од темнината да изгрее светлина, сака таа да изгрее и во вашето срце за да ја запознаете Божјата слава во лицето на Исус Христос. Светиот Дух ќе ви ги открие божествените вистини, внесувајќи ги како животворна сила во срцето кое е подготвено да ги послуша. Христос ќе ве доведе до прагот на Семожниот. Ќе можете да ја видите славата зад завесата и да им го откриете на луѓето изобилството на Оној кој секогаш живее за да може да се застапува за нас." — *Христовите поуки, 149.*

„Откривањето на Неговата слава во човечка форма ќе го приближи небото до луѓето до таа мера што убавината што го краси внатрешниот храм ќе се види во секоја душа во која живее Спасителот. Славата на Спасителот кој живее во нас, ќе ги плени и восхитува луѓето. И во изливи на пофалби и благодарност од многубројните души придобиени за Бога, славата ќе му се врати на големиот Дародавец.

'Дигни се, заблескај Ерусалиме, зашто дојде твојата светлина, и славата Господова изгреа над тебе!' (Исаија 60:1). Оваа порака им е упатена на оние кои излегле да го пречекаат Младоженецот. Христос доаѓа со сила и голема слава. Тој доаѓа со Својата слава и со славата на Отецот. Тој доаѓа во придружба на сите свети ангели. Бидејќи целиот свет е обвиен со темнина, во секое живеалиште на светите ќе има светлина. Тие први ќе го видат сјајот на Неговото второ појавување. Неговата слава и величество ќе болскотат со беспрекорна вонземна светлина, и Откупителот, Христос, ќе биде предмет на восхит, ќе го славаат и обожаваат сите кои му служеле. Додека беззаконициte бегаат од Неговото присуство, Христовите следбеници ќе се радуваат." — *Христовите поуки, 420.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 9 мај

1. **Што учи Библијата за божеството за време на делото на создавањето?**
2. **Опиши како Исус се откри на Својот народ во пустината.**
3. **Како светлината на Христос сјаеше во шаторот на состанокот и во храмот?**
4. **Опиши како Исус се откри при посветувањето на храмот.**
5. **На кој начин Христос ни се открива нам и преку нас?**

Светлината – одразена или отфрлена?

„Господ е моја светлина и мое спасение: од кого да се плашам?“ (Псалм 27:1).

Предлагаме да прочитате: *7 Сведоштво, 18–28.*

„Христос е ‘Светлина која го осветлува секој човек што доаѓа во светот’ (Јован 1:9). Како што преку Христа секое човечко суштество има живот, така преку Него секоја душа прима и некаков зрак од божествената светлина.“ – Воспитување, 29.

1. ПРОРЕЧЕНА СВЕТЛИНА

Нед, 11 мај

а. Како Светиот Дух го навести Исус преку Исаија? Исаија 49:6.

б. Како Симеон го препозна Исус кога Го донесоа во храмот за посветување, и на какво размислување тоа треба да нè наведе? Лука 2:32.

_____

„Во храмот во кој Христос проповедал, стариот Симеон зборувал за Него како за ‘светлина за осветлување на незнабошците и слава на Твојот народ Израел’ (Лука 2:32). Со овие зборови, тој применил на Исус едно пророштво што му било познато на целиот Израел. Светиот Дух, преку пророкот Исаија, рекол: ‘Малку е да ми бидеш слуга, да ги подигнеш племињата на Јаков и да го вратиш остатокот Израелев; Јас ќе те поставам за светлина на незнабошците, за Моето спасение да достигне до крајот на Земјата’ (Исаија 49:6). Според општото толкување, тоа пророштво се однесувало на Месијата, а кога Исус рекол: ‘Јас сум светлината на светот’ народот не можел, а да не го препознае Неговото тврдење дека Тој е Ветениот.’“ – *Копнежот на вековите, 465.*

„О, колку поуки содржи оваа прекрасна историја за Витлеем! Каков укор за нашата неверност, гордост и себичност! Какво предупредување да не бидеме рамнодушни и поради тоа неспособни да ги разликуваме знаците на нашето време и на тој начин да не го препознаеме денот на нашата посета.“ – *Големата борба, 315.*

а. Како реагирале еврејските водачи на Христовата мисија? Јован 1:11; 8:13.

_____

„На фарисеите и поглаварите тоа тврдење им изгледало како дрско присвојување. Тие не можеле да дозволат такво нешто да тврди човек што е како нив. Правејќи се дека ги игнорираат Неговите зборови, тие прашале: 'Кој си Ти?' Одлучиле да го принудат на јавно признание дека Тој е Христос. Но Неговиот надворешен изглед и Неговото дело биле толку поразлични од она што народот го очекувал, така што Неговите лукави непријатели сметале дека, ако отворено каже дека е Месијата, народот ќе Го отфрли како измамник." – *Копнежот на вековите, 465.*

б. Што јасно им објаснил Исус на неверните фарисеи и каков бил, сепак, нивниот одговор? Јован 8:14–18.

_____

_____

„Фарисеите не го препознаа божествениот карактер и мисијата на Христос, бидејќи не ги истражуваа пророштвата што се однесуваа на Месијата, иако тоа беше нивна привилегија и должност. Тие не беа поврзани со Бога и со небото, па затоа не можеа да го разберат делото на Спасителот на светот. Иако добија најубедливи докази дека Исус е Спасителот, сепак одбија да го отворат својот ум за разбирање. Првин Му се спротивставија во своите срца, одбивајќи да поверуваат во најсилните докази за Неговото божество. Како резултат на тоа одбивање, нивните срца стануваа сè потврди, сè додека не станаа целосно решени во своето неверување и во своето одбивање да Го прифатат Христос." – *The Spirit of Prophecy 2, 354, 355.*

в. Каква впечатлива спротивност меѓу Себе и неверните фарисеи спомна Исус? Јован 8:19–23.

_____

_____

г. Која беше фаталната последица од отфрлањето на Христос од страна на еврејските водачи? Јован 8:24; Матеј 23:38.

_____

_____

а. Откако беа предупредени дека ќе умрат во своите гревови, што бараа фарисеите од Исус и зошто? Јован 8:25.

_____

„Правејќи се дека ги игнорираат Неговите зборови, тие прашале: 'Кој си Ти?' Одлучиле да го принудат на јавно признание дека Тој е Христос. Но Неговиот надворешен изглед и Неговото дело биле толку поразлични од она што народот го очекувал, така што Неговите лукави непријатели сметале дека, ако отворено каже дека е Месијата, народот ќе Го отфрли како измамник." – *Копнежот на вековите, 465.*

б. Како им одговорил Спасителот – откривајќи ја со тоа Својата прекрасна поврзаност со Отецот? Јован 8:25–29.

_____

„Христос никогаш не застранил од верноста кон начелата на Божјиот закон. Никогаш не направил нешто спротивно на волјата на Својот Татко. Тој, пред ангелите, луѓето и демоните, можел да изговори зборови што во секоја друга уста би биле хула: 'Секогаш го вршам она што Му е угодно.' (Јован 8:29). Неговите непријатели го прогонувале ден за ден цели три години, трудејќи се да најдат нешто што би го извалкало Неговиот карактер. Со помош на сите сили на злото, сатаната упорно настојувал да Го совлада, но во Него не можел да најде ништо што би можел да го искористи. Дури и демоните морале да признаат: 'Ти си Светец Божји' (Лука 4:34)." – *8 Сведоштво, 208.*

в. Објасни ја Христовата секојдневна поврзаност со Отецот и на кој начин ние треба да го доживееме истото искуство. Јован 15:10; Ефесјаните 2:4–6.

_____

„Христовите следбеници треба да бидат такви каков што бил Тој кога ја примил на Себе човечката природа – тоа е Божјата намера. Со Неговата сила, тие треба да живеат живот на чистота и благородност, како што живеел Спасителот." – 8 Сведоштво, 289.

„Животот на нашиот Спасител на земјата, иако низ судири, бил живот на мир. Додека разбеснетите непријатели постојано го прогонувале, Тој велел: 'Оној што Ме прати е со Мене; Отецот не Ме остави Сам, зашто секогаш го вршам она што му е угодно' (Јован 8:29). Никаква бура на човечкиот или на сатанскиот гнев не можела да го наруши мирот на Неговата совршена заедница со Бога." – *Мисли од гората на блаженството, 15, 16.*

а. Додека Христос им зборуваше продорни вистини на фарисеите, како Неговите зборови влијаеја врз искрените слушатели и зошто тоа може да нè охрабри и нас денес? Јован 8:30.

„Христос знаеше како да постапи разумно и мирно и да ги осуети нивните планови да Го осудат. Господовите зборови беа како остри стрели што ја погодуваат метата и ги рануваат срцата на Неговите обвинители. Секој пат кога Христос им зборуваше на луѓето, без разлика колку голем беше бројот на Неговите слушатели, Неговите зборови имаа спасоносно влијание врз некои од нив. Ниту една порака што излегла од Христовите усни не останала без ефект. Секој збор што им го упатил на Своите слушатели носеше нова одговорност. Проповедниците што му ја носат на светот последната вест на милоста, кои искрено и посветено ја објавуваат вистината и се потпираат на Бога за сила, никогаш не треба да стравуваат дека нивните напори ќе бидат залудни. Никој не може да каже дека стрелата на вистината не стигнала до целта и не ги прободела душите на оние што ја слушаат. Иако ниту едно човечко око не може да го види летот на стрелата на вистината и иако ниту едно човечко уво не го чуло викањето на ранетата душа, вистината сепак тивко си го пробива патот до срцето. Бог ѝ зборува на душата, и во денот на конечната пресметка, Божјиот проповедник ќе стои со трофеите на откупителната милост, оддавајќи чест на Христос, кому таа чест единствено му припаѓа. Бог, Кој гледа во тајност, јавно ќе ги награди оние што ја објавувале вистината во Негово име.“ – *The Signs of the Times, February 6, 1896*.

б. Освен проповедниците, кој уште е благословен со одразувањето на небесната светлина? Псалм 27:1; 147:15; Исаија 55:10, 11.

_____

„И луѓето што не се повикани да бидат проповедници треба да работат за Господа според своите способности. Стотици мажи и жени, кои денес се без одредена задача, би можеле да вршат прифатлива служба. Тие би можеле да направат големо дело за Господа внесувајќи ја вистината во домовите на своите пријатели и соседи. Бог не гледа кој е кој. Тој ќе ги користи понизните, посветени христијани, дури и ако можеби не добиле темелно образование како некои други. Таквите нека се вклучат во Неговата служба, одејќи од куќа до куќа. Дури и седејќи околу огништето, ако се понизни, внимателни и побожни, можат да им помогнат на семејствата повеќе отколку ракоположен проповедник.“ – *7 Сведоштво, 21*.

5. РОПСТВО НАСПРОТИ СЛОБОДА

Чет, 15 мај

а. Што им рече Исус на Евреите кои Го прифатија? Јован 8:31,32. Наспроти тоа, како неверниците не успеаја да разберат кој е единствениот услов под кој можеме да бидеме ослободени од гревот? (Јован 8:33–36).

_____

_____

„(Фарисеите) беа во најлошото ропство – беа обземени од злиот дух...

„Секој човек што одбива да му се предаде на Бога се наоѓа под власт на една друга сила. Таквиот човек не си припаѓа самиот на себеси. Тој може да зборува за слобода, но всушност се наоѓа во најлошото ропство. Тој не е во можност да ја види убавината на вистината, бидејќи неговиот разум е под власта на сатаната. Иако се залажува дека ги следи диктатите на сопствениот разум, тој всушност се покорува на волјата на кнезот на темнината. Христос дојде да ги искине од душата оковите на ропството на гревот.

Во делото на спасението нема присила. Не се користи никаква надворешна сила. Под влијание на Божјиот Дух, човекот има можност слободно да одлучи кому ќе му служи. Највозвишеното чувство на слобода се наоѓа во преобразбата што се случува кога душата ќе му се потчини на Христос. Отфрлањето на гревот е чин што го извршува самата душа. Вистина е дека сами не можеме да се ослободиме од власта на сатаната. Сепак, кога копнееме да бидеме ослободени од гревот и, чувствувајќи ја својата голема потреба, во молитва бараме сила што е надвор и над нас, божествената сила на Светиот Дух ги исполнува силите на нашата душа и тие се покоруваат на Божјата волја.

Единствениот услов под кој е можна човечката слобода е човекот да стане едно со Христос. 'Вистината ќе ве ослободи,' а Христос е вистината. Гревот може да триумфира само ако го ослаби разумот и ја уништи слободата на душата. Да му се потчиниме на Бога значи да се вратиме кон самите себе, да се вратиме кон славата и достоинството на човекот. Божествениот закон, на кој треба да се покоруваме, е 'закон на слободата' (Јаков 2:12)." – *Копнежот на вековите, 466.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 16 мај

1. **Објаснете го значењето на зборовите што Симеон ги изговори за Исус.**
2. **Опиши го однесувањето на книжниците и фарисеите кон Христос.**
3. **Што ќе се случи со нивниот народ поради отфрлањето на Исуса?**
4. **На кој начин искрените души му одговараат на Христос – и тогаш, и денес?**
5. **Објасни го концептот на слободата во светлината на евангелската вистина.**

Исус и Аврам

„Авраам, таткото ваш, би се зарадувал да го види Мојот ден; и го виде, и се зарадува" (Јован 8:56).

Предлагаме да прочитате: *Христовите очигледни поуки, 269–271, 330–332; Рани списи, 149–153.*

„Авраам многу посакувал да го види ветениот Спасител. Најсердно се молел пред својата смрт да го види Месијата. И тој го видел Христа." — *Копнежот на вековите, 468.*

1. СИНОВИ АВРААМОВИ

Нед, 18 мај

а. Какво тврдење фарисеите постојано го повторуваа? Јован 8:33, 39 (прв дел). Што е доказ за таквата припадност? Јован 8:39 (последен дел; Римјаните 9:6–8.

_____

_____

„Фарисеите тврделе дека се Авраамови деца. Исус им рекол дека тоа тврдење можат да го докажат само ако ги извршуваат Авраамовите дела. Вистинските Авраамови потомци би живееле онака како што живеел тој – живот на послушност кон Бога. Тие не би се обидувале да го убијат Оној Кој ја зборувал вистината што му ја дал Бог. Со тоа што ковале заговор против Христа, рабините не ги правеле делата на Авраам. Фактот дека потекнуваат од Авраам сам по себе нема никаква вредност. Без духовната поврзаност со него – што се манифестира во тоа да го имаат истиот дух и да вршат исти дела – тие не биле негови вистински деца.

Ова начело е исто толку значајно за едно прашање што долго го возбудувало христијанскиот свет – прашањето за апостолската наследност. Потеклото од Авраам не се докажува со име и лоза, туку со сличноста на карактерот. Исто така, апостолската наследност не се заснова на пренесувањето на црковната власт, туку на духовното сродство. Вистинскиот доказ за апостолската наследност е животот поттикнат од апостолскиот дух, верата и вистината што тие ја поучувале. На тој начин луѓето стануваат наследници на првите проповедници на евангелието." — *Копнежот на вековите, 466, 467.*

а. Иако Евреите беа природни потомци на Авраам, чии синови всушност станаа кога го одбија Христос? Јован 8:41–44.

_____

„Исус го негирал тврдењето дека Евреите се Авраамови деца. Тој рекол: 'Вие ги вршите делата на својот Татко'. Подбивајќи се, тие одговориле: 'Ние не сме родени од блудство; ние имаме еден Татко Бог'. Овие зборови, како илузија на околностите на Христовото раѓање, требало да бидат стрела против Христа во присуство на оние кои почнувале да веруваат во Него. Исус не обрнувал внимание на тие подли навестувања, туку рекол: 'Ако Бог беше ваш Татко, тогаш би ме сакале Мене, зашто Јас излегов и дојдов од Бога'.

Нивните зборови и дела сведочеле за нивната врска со оној, кој бил лажливец и убиец. 'Вашиот татко е ѓаволот' рекол Исус, 'и сакате да ги исполнувате желбите на својот татко. Тој беше убиец на луѓето од почеток и не стои во вистината, зашто во него нема вистина... Мене не ми верувате, зашто ви ја зборувам вистината' (Јован 8:44,45). Фактот дека Исус ја зборувал вистината, и тоа со сигурност, била причина што еврејските водачи не го прифатиле. Тие самоправедни луѓе биле соблазнети од вистината. Вистината ја открила сета лажност на заблудата, го осудувала нивното учење и начин на живот и затоа не била добредојдена. Повеќе сакале да ги затворат своите очи пред вистината, отколку понизно да признаат дека биле во заблуда. Тие не ја сакале вистината. Не ја посакувале, иако била вистина." — *Копнежот на вековите, 467.*

б. Што нè прави Авраамови деца и како еврејските водачи покажаа дека не биле вистински Авраамови деца? Галатјаните 3:6–9; Јован 8:40.

_____

„'Зашто не го примивте духот на ропство за да се плашите повторно; туку го примивте Духот на посинување, преку кој викаме: Ава, Оче' (Римјаните 8:15). Духот на ропството произлегува од тежнеењето и настојувањето да се живее во склад со законската религија, трудејќи се да се исполнат барањата на законот со сопствена сила. За нас постои надеж само ако Авраамовиот завет – кој всушност е завет на милоста – го прифатиме со вера во Христос Исус. Евангелието кое му беше откриено на Авраам, преку кое тој имаше надеж, е истото евангелие што денес ни се проповеда и кое ни влева надеж. Авраам со вера го очекуваше Исуса, кој и за него и за нас беше Авторот и Завршителот на нашата вера." — *The Youth's Instructor, September 22, 1892.*

а. На кое прашање за Исусовиот чист и неизвалкан карактер Неговите непријатели не можеа да одговорат? Јован 8:46, прв дел.

_____

„Во Својот живот на оваа земја, Христос разви совршен карактер, покажувајќи совршена послушност кон заповедите на Својот Отец. Иако дојде во светот во човечки облик и стана подложен на законот, Тој им откри на луѓето дека ги носи нивните болести, нивните таги и нивната вина, но сепак, не стана грешник! Пред фарисеите можеше да каже: 'Кој од вас ќе ме укори за грев?' Ниедна дамка на грев не се најде врз Него. Тој стоеше пред светот како непорочното Божјо Јагне." — *Sons and Daughters of God, p. 25*.

„Исус живеел според законот пред очите на Небото, пред очите на световите кои не паднале во грев и пред очите на грешните луѓе. Пред ангелите, демоните и луѓето, Тој изговорил зборови кои никој не можел да ги побие, зборови кои од кои било други усни би биле богохулство: 'Јас секогаш го чинам она што Нему му е угодно' (Јован 8:29)." — *Копнежот на вековите, 467, 468*.

б. Освен она што Исус го изговорил како Син Човечки, што сведочи Светото Писмо за Христовиот карактер? Евреите 4:15; 1 Петрово 1:18, 19.

_____

„Верата на луѓето во Христа како Месија не се засноваше на видливи докази, ниту поверуваа во Него поради Неговата надворешна привлечност, туку поради блескавите доблести на Неговиот карактер – доблести какви дотогаш никој друг не покажал." — T*he SDA Bible Commentary (E. G. White Comments), vol. 7, p. 904*.

в. Како и нас треба да нè допре Христовиот живот? Филипјаните 2:6–8.

„Зар Христос, како наш Пример, не одеше по тешкиот пат на самоодрекување, самопожртвуваност и понизност – заради нас, за да нè спаси? Во Неговите напори да нè спаси, Тој се соочи со тешкотии, искуси разочарувања и поднесуваше потсмев и понижување. Тогаш, треба ли ние да го избегнуваме патот по кој одеше Царот на славата? Имајќи го предвид сето она што Искупителот го поднесе за нас – во пустината на искушението, во Гетсиманската градина и на Голгота – треба ли да се жалиме на неволјите и искушенијата кои се неизбежни во процесот на нашата победа?" — *3 Сведоштво, 371*.

а. Кој е целта на сите вистински Христови следбеници? 1. Петрово 1:13–16.

_____

„Нашата задача е да се стремиме во нашето подрачје на делување да го достигнеме совршенството кое Христос го постигна во текот на Својот живот на земјата – во секоја фаза на Својот карактер." — *That I May Know Him, p. 130.*

б. Како можеме да ја постигнеме оваа цел? Евреите 12:1–4; Галатјаните 5:6 (последен дел); Филипјаните 3:12–15; 4:13.

_____

„Како можеме да го достигнеме совршенството за кое ни зборува нашиот Господ и Спасител, Исус Христос – нашиот Голем Учител? Можеме ли да го исполниме Неговиот повик и да достигнеме таков возвишен стандард? Можеме! Во спротивно, Христос не би ни заповедал да го направиме тоа. Тој е нашата праведност. Во Својата човечка природа, Тој ја утврди патеката пред нас и за нас го изгради совршенството на карактерот. Мораме да имаме вера во Него – вера што делува преку љубовта и ја чисти душата. Совршенството на карактерот се заснова на тоа што Христос претставува за нас. Ако сме постојано зависни од заслугите на нашиот Спасител и ако чекориме по Неговите стапки, ќе бидеме слични на Него – чисти и неосквернети." — *That I May Know Him, p. 130.*

в. Како навистина можеме да станеме чисти и без мана пред Бога? Римјаните 5:18–20; Евреите 10:14.

_____

„Христос може да ги помилува само оние кои се каат, но оние кои ги помилува, Тој најпрво ги прави покајници." — Selected Messages, bk. 1, pp. 393, 394.

„Грешникот мора постојано да гледа кон Голгота; со едноставна вера, како на мало дете, треба да почива под закрилата на Христовите заслуги, прифаќајќи ја Неговата праведност и доверувајќи се во Неговата милост...

Каква љубов – каква величествена, незамислива љубов – што го наведе Христос да умре за нас додека уште бевме грешници! Колку е загубена душата која ги разбира строгите барања на законот, но не успева да ја согледа Христовата милост, која е уште поизобилна!" — *Selected Messages, bk. 1, pp. 384.*

5. НАШИОТ КАРАКТЕР СТАНУВА СЛИЧЕН НА НЕГОВИОТ — Чет, 22 мај

а. На кој начин да ја утврдиме својата служба и повик? 2. Петрово 1:4–11; Откровение 19:8.

„Бог и денес го бара истото што го барал и од Адам – совршена послушност, беспрекорна праведност, без мана во Неговите очи. Нека ни помогне Бог да Му возвратиме сè што Неговиот закон бара од нас. Ние тоа не можеме да го направиме без верата – вера која секојдневно се повикува на Христовата праведност и ја применува во животот." — *Selected Messages, bk. 2, p. 381.*

„Сè додека живее и владее сатаната, ние мораме да се бориме против соп¬ственото „јас" и против гревот кој постојано нè опседнува. Сè додека живееме, нема здивнување ниту застој во борбата, нема место до кое, кога ќе стигнеме, можеме да кажеме: „Постигнав сè !" Посветеноста е дело на доживотна послушност." — *Делата на апостолите, 560.*

„Мораме да разбереме дека преку верата во Него стекнуваме привилегија да станеме учесници во божествената природа и на тој начин можеме да ја избегнеме расипаноста што произлегува од похотата и попуштањето на телесните желби. Тогаш ќе се очистиме од секој грев, од сите недостатоци и карактерни мани. Нема да чувствуваме потреба да поддржуваме ниту една склоност кон гревот...

Како учесници во божествената природа, ќе ги отфрлиме сите вродени и стекнати склоности кон злото и ќе станеме жива сила за доброто. Учејќи постојано од божествениот Учител и учествувајќи секојдневно во Неговата природа, соработуваме со Бога во надминувањето на искушенијата што постојано ни ги подметнува сатаната. Бог работи, и човекот работи; и на тој начин човекот станува едно со Христос, како што Христос е едно со Отецот...

Бог е Оној кој ни дава сила да победиме. Тие што го слушаат Неговиот глас и им се покоруваат на Неговите заповеди, градат карактер што Тој може да го одобри." — *The SDA Bible Commentary (E. G. White Comments), vol. 7, p. 943.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА: — Пет, 23 мај

1. **Зошто фарисеите не можеа да полагаат право на вечен живот врз основа на својата крвна лоза – исто како што и никој денес не може да се потпре на потекло или ДНК како залог за спасение?**
2. **Објасни ги карактеристиките на вистинските Авраамови деца.**
3. **Што можеше Исус да изјави во однос на Својот карактер?**
4. **Која цел е поставена пред секој христијанин?**
5. **Како можеме да бидеме најдени совршени и без мана пред Бога?**

Исус и слепиот човек

„И рече Исус: 'За суд дојдов Јас во овој свет, за да прогледаат слепите, а оние што гледаат, да станат слепи'" (Јован 9:39).

Предлагаме да прочитате: *3 Сведоштво, 570–575.*

„Историјата за Јов покажува дека страдањата ги нанесува сатаната, но Бог ги преиначува според Своите планови на милост." — *Копнежот на вековите, 471.*

1. ПОГРЕШНО РАЗБИРАЊЕ

Нед, 25 мај

а. Какво прашање учениците му го поставија на Исуса кога го видоа човекот кој бил слеп од раѓање? Јован 9:1, 2.

_____

_____

б. Која заблуда за страдањата ја негувале и Евреите и учениците, и каква корист имал сатаната од тоа? Јован 9:34, првиот дел.

_____

_____

_____

„„Кај Евреите било широко распространето верувањето дека гревот се казнува во овој живот. Секоја неволја се сметала за казна за некое злодело што го направил самиот страдалник или неговите родители. Вистина е дека сите страдања произлегуваат од престапот на Божјиот закон, но таа вистина била извртена. Сатаната, зачетникот на гревот и на сите негови последици, ги наведува луѓето да гледаат на болеста и смртта како казна што Бог ја нанесува самоволно, поради гревот. Затоа, оној што го снашла некоја тешка болест или несреќа морал да го носи уште и тој дополнителен товар – да биде сметан за голем грешник.

Така бил подготвен патот Евреите да го отфрлат Исуса. Оној што 'ги понесе нашите болести и ги зеде нашите немоќи на Себе' бил сметан од страна на Евреите дека 'Бог го ранува, бие и мачи' и затоа го засолнувале своето лице од Него (Исаија 53:4,3)." — *Копнежот на вековите, 471.*

а. Кој одговор на Исус фрли светлина врз проблемот на страдањето и гревот? Јован 9:3–5.

_____

_____

_____

„Христовите ученици го имале истото верување како Евреите за врската помеѓу гревот и страдањето. Исправајќи ја нивната заблуда, Исус не ја објаснил причината за несреќата на тој човек, туку им кажал какви ќе бидат последиците. Поради тоа ќе се манифестираат Божјите дела. Тој рекол: 'Додека сум во светот, Јас сум светлината на светот'". — *Копнежот на вековите, 471.*

б. Што направи Исус недолго потоа, и како слепиот човек соработуваше со Него? Јован 9:6, 7.

_____

_____

„Откако ги помазал очите на слепиот човек, Исус го испратил да се измие во Силоамската бања – и неговиот вид се вратил. Така, на прашањето на учениците, Исус одговорил на практичен начин, како што вообичаено одговарал на прашањата што му биле поставувани од љубопитност. Учениците не биле повикани да полемизираат за тоа кој згрешил, а кој не, туку да ја сфатат Божјата сила и милост во давањето вид на слепиот. Било очигледно дека ниту калта, ниту водата во бањата немале исцелувачка моќ – туку дека таа моќ се наоѓала во Христа." — *Копнежот на вековите, 471.*

в. Опишете ги различните реакции на ближните на овој исцелен човек и наведете го разговорот меѓу него и неговите ближни. Јован 9:8–12.

_____

_____

„Соседите на момчето и оние што го познавале од порано, извикале: 'Нели е ова оној што седеше и просеше?' Го гледале со сомнеж, бидејќи со отворени очи, неговото лице било изменето и посреќно и изгледал како друг човек. Луѓето се прашувале еден со друг. Некои рекле: 'Тој е' други: 'Наликува на него'. Меѓутоа, оној што го примил овој голем благослов, го прекинал ова распрашување и рекол: 'Јас сум!'" — *Копнежот на вековите, 471, 472.*

а. Кај кого го одведоа еврејските водачи човекот кој бил слеп од раѓање и зошто? Кој ден беше исцелен? Јован 9:13, 14.

_____

_____

_____

б. Опишете ја реакцијата на фарисеите. Јован 9:15, 16.

_____

_____

„Фарисеите се надевале дека ќе можат да Го прикажат Исуса како грешник, кој, поради тоа, не може да биде Месијата. Но не знаеле дека Оној што го излекувал слепиот човек е Токму Оној што ја создал Саботата и совршено ги познавал нејзините барања. Тие изгледале многу ревносни во почитувањето на Саботата, а во исто време, токму тој ден, планирале убиство." — *Копнежот на вековите, 472.*

в. Кого фарисеите го повикаа да сведочи за исцелениот човек? Јован 9:18, 19.

_____

_____

„(Фарисеите) ги повикале неговите родители и ги прашале: 'Дали ова е вашиот син за кого велите дека се родил слеп?' Таму бил и човекот кој самиот сведочел дека бил слеп, а сега гледа. Но рабините попрво не би им верувале на своите очи, отколку да признаат дека биле во заблуда. Толку била силна нивната предрасуда, толку изопачена била фарисејската „праведност." — *Копнежот на вековите, 472.*

г. Како и ние сме предупредени против широко распространетото зло – однапред формирано мислење? Изреки 18:13.

_____

_____

„Мнозина го толкуваат и обликуваат она што го слушаат на свој начин, така што мислите добиваат сосема поинакво значење од она што говорникот се обидувал да го каже. Заведени од сопствените предрасуди и пристрасност, некои ја разбираат суштината на излагањето онака како што тие би сакале да биде – на начин што најмногу одговара на нивните цели." — *5 Сведоштво, 695.*

а. На кој начин фарисеите се обидоа да ги заплашат родителите на човекот кој беше слеп од раѓање, и како тие одговорија? Јован 9:20, 21. Зошто тие не дадоа конкретен и директен одговор? Јован 9:22, 23.

_____

„Родителите се плашеле да не се компромитираат, бидејќи било објавено дека секој што ќе Го признае Исуса за Месија ќе биде „исклучен од синагогата" на триесет дена. Во тој период, во домот на престапникот не можело да се изврши обрежување на дете, ниту да се оплакува мртовец. Оваа осуда била сметана за голема несреќа, а ако не доведела до покајание, следела уште потешка казна. Големото чудо што било извршено над нивниот син оставило длабок впечаток врз нив, но тие сепак одговориле: 'Знаеме дека ова е нашиот син и дека се роди слеп. А како сега гледа – не знаеме. Ниту знаеме кој му ги отвори очите. Прашајте го него, тој е возрасен и нека зборува сам за себе' На тој начин, тие ја префрлиле целата одговорност врз својот син, бидејќи не се осмелувале јавно да Го исповедаат Христа." — *Копнежот на вековите, 472.*

б. Кога сме под притисок на заплашување, што треба да имаме на ум? Псалм 118:6.

_____

„Стојте цврсто и никогаш не правете погрешна работа од страв да не ве наречат плашливец. Не дозволувајте подбивањето, заканите или потсмешливите коментари да ве наведат да постапите против својата совест, дури ни во најмала мера." — *Fundamentals of Christian Education, p. 93.*

„Христијанскиот карактер треба да биде обележан со таква цврстина на намерата и нескршлива одлучност, што нема да биде разнишан ниту од земјата, ниту од пеколот. Оној што не е слеп за привлечностите и почестите на овој свет, неустрашив пред заканите и рамнодушен кон примамливите понуди, ќе подлегне на лукавствата на сатаната токму тогаш кога најмалку ќе го очекув." — *4 Сведоштво, 543.*

„И ние, исто така, ќе се соочиме со најжестоко противење од страна на оние адвентисти што се спротивставуваат на Божјиот закон. Но, како и градителите на ерусалимските ѕидови, не смееме да дозволиме ништо да нè одврати од нашиот повик – ниту гласници жедни за полемика и расправии, ниту заплашувања со закани, ниту публикации исполнети со лажни тврдења и измамливи заклучоци, ниту кое било лукавство со кое сатаната би можел да се послужи." — *3 Сведоштво, 574.*

5. ИСТОРИЈАТА СЕ ПОВТОРУВА

Чет, 29 мај

а. Опишете ја ситуацијата со која ќе се соочи Божјиот народ кој ги држи Неговите заповеди и како треба да одговориме. Откровение 12:17; Дела 4:18–20.

_____

„Штом борбата се проширува на нови подрачја и кога вниманието на народот се насочува кон погазениот Божји закон, ни сатаната не мирува. Силата што ја придружува веста само ќе ги разгневи сите што и се противат. Свештениците ќе употребат речиси натчовечки напори да ја засолнат светлината за да не им свети на нивните стада. Ќе се трудат со сите средства што им стојат на располагање да ги спречат дискусиите околу овие важни прашања. Црквата ќе се потпре врз силната рака на граѓанската власт и во тоа католиците и протестантите ќе се обединат. Кога движењето за задолжително празнување на Недта ќе биде посмело и порешително, тогаш и законот ќе биде повикан на помош против оние што ги држат Божјите заповеди. Ќе им се закануваат со парични казни и со затвор, а на некои ќе им се понудат влијателни места и положби, како и други награди и предности, како поттик да се откажат од својата вера. Но нивниот непоколеблив одговор ќе гласи: ‚Докажете ни ја со Божјото слово нашата заблуда" - истото она што го барал и Лутер кога се нашол во слични околности. Оние што ќе бидат доведени пред судовите ќе ја одбранат вистината силно и убедливо, и некои од оние што ги слушаат ќе бидат поттикнати да се решат да ги држат сите Божји заповеди. На овој начин светлината ќе осветли илјадници такви кои инаку никогаш не би дознале за овие вистини." — *Големата борба, 607.*

б. Додека се соочуваме со противење, што секогаш треба да имаме на ум? Јован 9:39; Дела 4:33; Матеј 10:28.

_____

„(Апостолите) со никакви закани не можеле да бидат спречени ниту заплашени." — *Делата на апостолите, 48.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 30 мај

1. **Како еврејските водачи им суделе на болните и страдалниците?**
2. **Кој всушност го исцели слепиот човек?**
3. **Зошто ближните на слепиот човек биле збунети?**
4. **Со каква ситуација се соочи младиот човек по своето исцеление?**
5. **Како јас можам да ја избегнам замката во која паднаа неговите родители?**

Дар во првата сабота

Сабота, 7 јуни 2025.





За две цркви во Тамил Наду, Индија

„Археолошките докази сведочат дека уште во 2600 година пред нашата ера, високо урбанизираната цивилизација на Индската долина го населила потконтинентот што денес е познат како Индија. Главното религиозно влијание на ова подрачје долго време бил хиндуизмот (79,8%), а потоа следуваат исламот (14,2%), христијанството (2,3%), сикизмот (1,7%) и други. Иако постојат одредени извештаи за контакт на тамошното население со РДАСД помеѓу 1920 и 1950 година, дури во 1987 година северна Индија за првпат официјално била претставена на делегатската сесија на Генералната конференција на РДАСД.

Најјужната индиска држава, Тамил Наду, се смета за лидер и во индустријата и во земјоделството. Божјото дело овде напредува со години, но, бидејќи во оваа држава живеат над 72 милиони луѓе, постои голема потреба за проширување на делото.

Според пописот спроведен во 2001 година во Индија, во селото Пативеранпати живееле 7.744 жители. Просечниот степен на писменост таму изнесува 83%, што е повисоко од националниот просек од 59,5% (што е погодно за ширење на литературата). Главни извори на приходи во оваа област се кафето, а потоа следуваат бананите, портокалите, кардамомот, биберот и други зачини. Палапати е големо село со население од 13.701 жител.

Од 1998 година, неуморната работа на мисионерите од Перијаклам помогнала во зголемување на бројот на членови во црквата, особено во овие области. Многу предизвици го отежнаа престојот во изнајмените простории, па во овој момент на браќата во селата Пативеранпати и Палапати им е потребно сопствено место за богослужение.

Духот на пророштвото посебно ја спомнува Индија како место каде што „милиони и милиони никогаш не слушнале за Бога или за Неговата љубов која се открила во Христа. Нивно право е да го добијат тоа знаење. Тие имаат исто право на милоста на Спасителот како и ние."—*Воспитување, 261*.

Од тоа, со почит ги молиме нашите браќа и сестри ширум светот да ги приложат своите великодушни дарови за изградба на светилник за Господа, кој овде ќе свети.

„Покрај задачата да ги браниме Божјите заповеди и да ги засидуваме урнатините направени во Неговиот закон, наша должност е исто така и да сочувствуваме со оние кои страдаат и патат во овој свет. Треба да покажуваме врховна љубов кон Бога; треба да го возвишуваме Неговиот спомен."—*Welfare Ministry, 32*.

Ви благодариме, и нека Господ ги благослови даровите и дарителите!

Вашите браќа и сестри од Пативеранпати и Палапати

Соочување со духовната слепост

„Затоа ви велам: секој грев и хула ќе им се прости на луѓето, но хулата против Светиот Дух нема да им се прости на луѓето. И ако некој каже збор против Синот Човечки, ќе му се прости; но ако каже нешто против Светиот Дух, нема да му се прости ни на овој, ни на оној свет" (Матеј 12:31, 32).

Предлагаме да прочитате: *2 Сведоштво, 489–497.*

„Бог не е Тој, Кој ги заслепува очите на луѓето, ниту ги стврднува нивните срца. Тој им испраќа светлина за да ги поправат своите грешки и да ги изведе на сигурна патека. Очите стануваат слепи, а срцето тврдо заради тоа што луѓето ја отфрлаат светлината." — *Копнежот на вековите, 322.*

1. ОБНОВЕНО ИСПИТУВАЊЕ

Нед, 1 јуни

а. Откако по втор пат го повикаа младиот човек кому Исус му го врати видот, на што се обидоа фарисеите да го принудат? Јован 9:24.

_____

_____

„Фарисеите увиделе дека со своите постапки му даваат поголем публицитет на Исусовото дело. Тие не можеа да го негираат чудото, бидејќи доказот беше пред нив – човекот кој порано бил слеп сега гледаше. Исцелениот човек беше исполнет со радост и благодарност. Тој ги гледаше прекрасните нешта во природата, а убавината на небото и земјата го исполнуваше со восхит. Слободно и со воодушевување раскажуваше за своето искуство. Но, фарисеите повторно се обидоа да го замолчат, велејќи: 'Дај му слава на Бога; ние знаеме дека тој човек е грешник.' Со ова тие всушност му порачаа: 'Не зборувај повеќе дека тој Човек ти го врати видот; Бог го направи тоа.'" — *Копнежот на вековите, 473.*

б. Кој непобитен доказ им го изнесе младиот човек? Јован 9:25.

_____

_____

а. Што повторно го прашаа фариseите младиот човек кому му беше вратен видот и кој беше нивниот вистински мотив? Јован 9:26.

_____

„(Фариseите) повторно го прашале: 'Што ти стори? Како ти ги отвори очите?' Со многу зборови, фариseите се обидуваа да го збунат, надевајќи се дека тој можеби ќе се посомнева во сопственото искуство и ќе помисли дека е измамен. Сатаната и неговите зли ангели беа на страната на фариseите, соединувајќи ги своите сили и лукавство со човечката аргументација, за да се спротивстават на Христовото влијание. Тие настојуваа да го отапат уверувањето што почна да се вкоренува во многу умови, попречувајќи ги луѓето да ја прифатат вистината." — *Копнежот на вековите, 473.*

б. Како им одговори младиот човек и кој стоеше на негова страна за да го надахне? Јован 9:27.

„Божјите ангели исто така биле присутни, за да му дадат сила на човекот кому му бил обновен видот.

Фариseите не сфатиле дека се соочуваат со нешто многу повеќе од необразован човек, роден слеп – тие не го препознале Оној со Кого всушност биле во судир. Божествената светлина го осветлувала секој агол од душата на исцелениот човек. Кога тие лицемери се обиделе да го наведат на неверие, Бог му дал мудрост и сила да одговори со јасни и цврсти зборови, покажувајќи дека тие не можат да го фатат во стапица." — *Копнежот на вековите, 473, 474.*

в. На кој начин и нам денес ни е ветена истата помош? Лука 12:11, 12.

„Сега, вие со своите Библии сакате да застанете пред Бога, да ги отворите пред Него и да Му се молите. Сакате Тој да ви го оживее разбирањето; сакате да знаете дека навистина ги разбирате вистинските принципи на вистината и дека, кога ќе се соочите со противници, нема да треба да им се спротивставувате со својата сила. Божјиот ангел ќе стои на ваша страна, за да ви помогне да одговорите на секое прашање што ќе ви биде поставено. Но, и сатаната во исто време ќе стои до вашите противници, поттикнувајќи ги да изговорат зборови што ќе ви биде тешко да ги поднесете, обидувајќи се да ве испровоцира да зборувате непромислено. Но нека вашите зборови бидат такви што сатаната нема да може да ги искористи во своја корист." — *The Review and Herald, May 3, 1887.*

а. Бидејќи не можеа да го измамат исцелениот млад човек, како фарисеите го омаловажуваа и на кој начин таквото занемарување се покажувало низ историјата? Јован 9:28, 29; 1. Коринтјаните 1:18, 19, 26–28.

_____

„За Својата црква во секоја генерација, Бог има посебна вистина и посебно дело. Вистината што е скриена од световните мудреци и умните, им се открива на оние што се скромни и понизни како деца. Таа повикува на жртва, зашто мора да води свои битки и да постигнува свои победи. На почетокот нејзините застапници биле малобројни. Големите луѓе на овој свет и црквата, која се прилагодила на светот, ги презирале и ги прогонувале." — *Христовите поуки, 78.*

„Големите верски водачи во оваа генерација упатуваат пофалби и им градат споменици на оние што го засадиле семето на вистината пред многу векови. Но мнозина од нив скршнуваат од нивното дело и со свои нозе ги газат изданките што израснале од тоа семе. Се повторува стариот крик: 'Ние знаеме дека со Мојсеј говорел Бог; а Овој (Христос во ликот на гласникот што го праќа) не знаеме од каде е' (Јован 9:29). Како и во претходните векови, посебните вистини за ова време се наоѓаат не кај црковните авторитети, туку кај мажите и жените кои не се чувствуваат ниту премногу учени или премногу мудри да веруваат во Божјата реч." — *Христовите поуки, 79.*

б. Што можеме да научиме од искреното сведоштво на младиот човек, како и од другите праведни луѓе кои верувале во Христа? Јован 9:30–33; Дела 4:19, 20.

_____

„Држејќи се во сè на умереност, во љубовта Божја и во духот на љубезност, да им укажуваме на луѓето дека Господ Бог е Творецот на небото и земјата, и дека саботата е свет ден, кој Самиот Господ го благословил и го одредил за одмор.

Во името на Господа, треба одлучно да одиме напред, веејќи го Неговото знаме и препорачувајќи ја само Неговата реч. Кога претставниците на власта ќе ни наредат да престанеме да го правиме тоа, кога ќе ни забранат да ги разгласуваме Божјите заповеди и верата во Исуса, тогаш ќе биде неопходно да им кажеме исто како што апостолите рекоа во свое време: 'Просудете дали е справедливо пред Бога вас да ве слушаме повеќе отколку Бог; зашто ние не можеме да не зборуваме за она што сме го виделе и чуле' (Дела 4:19, 20)." — *6 Сведоштво, 395.*

а. Бидејќи гневните фарисеи одбија да ги прифатат доказите, што направија со младиот човек кој сведочеше за своето исцеление? Јован 9:34.

„Исцелениот човек се соочи со своите инквизитори на нивен сопствен терен. Неговите аргументи беа несоборливи. Фарисеите беа изненадени и молчеа, како маѓепсани од неговите директни и решителни зборови. Неколку моменти владееше тишина. Потоа, намуртените свештеници и рабини ги собраа околу себе своите облеки, како да се плашат од некаква зараза при допир со него. Ја истресоа правта од своите нозе и фрлија осуда врз него: 'Ти сиот си роден во гревови, и ти ќе не учиш нас?' И тие го исклучиле од синагогата." — *Копнежот на вековите, 474.*

б. Наспроти нив, како се однесуваше Исус кон младиот човек? Јован 9:35–38.

_____

„Човекот се фрли пред нозете на Спасителот во знак на обожување. Не само што му бил подарен физички вид, туку се отвориле и очите на неговото духовно разбирање. Христос му се откри на неговата душа, и тој Го прифати како Оној што е испратен од Бога." — *Копнежот на вековите, 475.*

в. Објаснете ја големата разлика помеѓу исклучувањето на пркосните бунтовници од црквата и оние кои, самите тврдоглаво и слепо отфрлајќи Го Христа, исклучуваат души што со љубов Му се покоруваат на Бога. 1. Цареви 9:6–9; Матеј 12:31, 32; Псалм 11:3.

_____

„(Виклиф забележа:) никој не може полноважно да биде исклучен, освен ако самиот не навлекол на себе Божја осуда." — *Големата борба, 84.*

„Сите оние кои Бог ги користи да ги објават вистините кои се специјално применливи за нивно време, неизбежно мораат да наидат на противење. Во деновите на Лутер постоела сегашна вистина - вистина која во тоа време била од особена важност. И денес постои сегашна вистина за црквата... Оние кои ја проповедаат вистината за ова време не треба да очекуваат дека ќе наидат на подобар прием отколку реформаторите во поранешните векови. Големата борба меѓу вистината и заблудата, меѓу Христа и сатаната, сè повеќе ќе се заострува до крајот на светската историја." — Г*олемата борба, 143, 144.*

5. БЛАГОСЛОВЕНИ НАСПРОТИ ОСУДЕНИТЕ ОД СВЕТЛИНАТА

Чет, 5 јуни

а. Што рече Исус за резултатите од Своето дело? Јован 9:39.

_____

„Недалеку се собрала група фарисеи. Забележувајќи ги, Исус размислувал за спротивноста што секогаш се појавувала како резултат на Неговите зборови и дела... Христос дојде да ги отвори слепите очи и да донесе светлина на оние што седат во темнина. Тој за Себе објави дека е Светлината на светот, а чудото што тогаш го изврши ја потврди Неговата мисија. Луѓето што го гледаа Спасителот додека беше на Земјата, го имаа тој благослов да бидат сведоци на најцелосното откровение на Божјото присуство, какво што светот никогаш претходно не видел. Знаењето за Бога беше откриено поцелосно. Но, токму ова откровение стана суд за оние што не го прифатија. Нивниот карактер беше ставен на проба, а нивната судбина беше запечатена." — *Копнежот на вековите, 475.*

б. Како реагираа фарисеите на Христовите зборови? Јован 9:40. Како им ја откри Христос нивната вина за сопствената духовна слепост? Јован 9:41.

_____

„По манифестирањето на Божествената сила, која му даде и природен и духовен вид на слепиот човек, фарисеите останале во уште поголема темнина. Чувствувајќи дека Христовите зборови се однесуваат на нив, некои од нив прашале со негодување: 'Зар и ние сме слепи?' Исус им одговорил: 'Кога би биле слепи, не би имале грев.' Кога Бог би направил да биде невозможно за вас да ја видите вистината, тогаш вашето незнаење не би било грев. Но, сега велите: 'Гледаме.' – Вие сметате дека гледате, но го отфрлате единствениот начин преку кој можете да го добиете вистинскиот вид. На сите што ја сфатиле својата потреба за Него, Христос им дошол со неизмерна помош. Меѓутоа, фарисеите не сакале да признаат дека нешто им недостига. Тие одбиваа да дојдат кај Христа и затоа останале во слепило – слепило за кое самите биле виновни. Тогаш Исус рекол: 'Вашиот грев останува' (Јован 9:41)." — *Копнежот на вековите, 475.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 6 јуни

1. **Во што се обидоа фарисеите да го убедат некогаш слепиот човек?**
2. **Кој стоеше зад неверните фарисеи?**
3. **Кој му помогна на младиот човек да одговори јасно и убедливо на прашањата?**
4. **Што се случи кога тој отворено и храбро го призна Христа?**
5. **Објасни кој е навистина најлошиот облик на слепило и зошто.**

Исус – Добриот Пастир

„Јас сум добриот Пастир. Добриот пастир си ја полага својата душа за овците“ (Јован 10:11).

Предлагаме да прочитате: *Копнежот на вековите, 476–484.*

„Христос е и вратата и пастирот. Тој влегува преку Себе Самиот. Жртвувајќи се Себеси, Тој станува пастир на овците.“ — *Копнежот на вековите, 478.*

1.КРАДЕЦОТ И ПАСТИРОТ

Нед, 8 јуни

а. На кој начин Исус го разликува крадецот од пастирот и каква духовна поука ни открива со тоа? Јован 10:1, 2.

_____

_____

„Христос го применил ова пророштво (кое се однесува на пасторалната мисија на Месијата, како што е запишано во Исаија 40:9–11; Псалм 23:1 и Езекиел 34:23, 16, 25, 28) на Себе и ја истакнал спротивноста меѓу Својот карактер и карактерот на израелските водачи. Токму во тој момент, фарисеите отфрлија еден човек од стадото, затоа што се осмелил да сведочи за Христовата сила. Отфрлија една душа што Вистинскиот Пастир ја привлече кон Себе. Со тоа покажаа дека не го разбираат делото што им е доверено и дека се недостојни да бидат пастири на стадото. Тогаш Исус им ја посочи спротивноста меѓу нив и Добриот Пастир, укажувајќи на Себе како на вистинскиот чувар на Господовото стадо.“ — *Копнежот на вековите, 477.*

„Христос нè сака затоа што сме беспомошни и зависни.“ — *Sermons and Talks, vol. 1, p. 248.*

б. Каква врска постои помеѓу овците и нивниот пастир? Јован 10:3, 4. Што ќе направат овците кога ќе се соочат со странец? Јован 10:5.

_____

_____

_____

а. Како Исус откри колку е поразличен од фарисеите? Јован 10:7–10.

„Христос е вратата на Божјото трло. Низ таа врата влегле сите Негови деца од најраните времиња. Во Христа, како што е прикажано во сликите, како што е прикажано во симболите, како што е манифестирано во откровенијата на пророците, како што е откриено во поуките дадени на Неговите ученици и во чудата извршени за човечките синови, тие го гледале 'Божјото јагне, Кое ги зема на Себе гревовите на светот' (Јован 1:29), и преку Него се примени во трлото на Неговата благодат. Многумина изнесувале разни други нешта во кои треба да има вера светот; измислувале церемонии и системи преку кои луѓето се надеваат дека ќе примат оправдание и мир со Бога и дека така ќе добијат пристап во Неговото трло. Но, Христос е единствениот влез и сите кои поставиле нешто друго наместо Христа, сите кои се обидуваат да влезат во трлото на некој друг начин се крадци и разбојници.

Фарисеите не влегле низ таа врата. Се вовлекле во стадото по некој друг пат, а не преку Христа и поради тоа не го вршеле делото на вистинскиот пастир. Свештениците и поглаварите, книжевниците и фарисеите ги уништувале живите пасишта и ги оскверниле изворите на водата на животот. Вдахновените зборови убаво ги опишуваат тие лажни пастири: 'Немоќни не поткрепувавте, болни не лекувавте, ранети не преврзувавте, истерани не враќавте... туку насилно и свирепо господарите над нив' (Езекиел 34:4)." — *Копнежот на вековите, 477, 478*.

б. На кој начин вистинскиот пастир се разликува од наемникот? Јован 10:11–13.

„Тука се потребни не само луѓе кои знаат да држат проповеди, туку и оние кои од искуство знаат што претставува тајната на побожноста, и оние кои се во состојба да ги задоволат итните потреби на народот – оние кои се свесни за одговорноста и значењето на својот повик како слуги на Исуса и кои радосно го земаат врз себе крстот, како што Тој ги научил.

Од најголема важност е проповедникот да дојде во непосреден допир со луѓето, за на тој начин да се запознае со разновидноста на човечката природа. Тој треба да го проучува дејствувањето на умот за да може своето учење да го приспособи на разбирањето на своите слушатели. На тој начин ќе стекне појасна претстава за големата братска љубов, претстава што ја имаат само оние кои

а. Кои други карактеристики на добриот пастир ги покажува Исус? Јован 10:14, 15.

_____

„Како што земниот пастир ги познава своите овци, така и божествениот Пастир го познава Своето стадо, кое е распространето низ целиот свет. 'Вие сте овци Мои, овци на Моето пасиште, а Јас сум вашиот Бог, вели Господ, Бог.' Исус вели: 'Јас те повикав по име: ти си Мој.' 'Јас те врежав на дланките на Моите раце' (Езекиел 34:31; Исаија 43:1; 49:16).

Исус нè познава лично и е трогнат од нашите слабости. Тој нè знае сите нас по име. Го знае домот во кој живееме и имињата на сите што се во него. Во одредени времиња, Тој им дал упатства на Своите слуги да одат на одредена улица, во одреден град, во одредена куќа и да најдат една од Неговите овци.

Исус, исто така, секоја душа ја познава совршено, како да е единствената заради која умрел. Неволјите на секоја душа го допираат Неговото срце. Секој повик за помош стигнува до Неговото уво. Тој дошол за да ги привлече сите луѓе кон Себе. Ги повикува: 'Следете Ме', а Неговиот Дух влијае на нивните срца и ги привлекува да Му пријдат. Многумина го одбиваат повикот, и Исус знае кои се тие. Но, Тој исто така знае кој радосно го слуша Неговиот глас и кој е подготвен да се предаде на Неговата пастирска грижа.

Тој вели: 'Овците Мои го слушаат Мојот глас. Јас ги познавам и тие одат по Мене.' За секоја овца се грижи поединечно, како да не постои ниту една друга на светот." — *Копнежот на вековите, 479, 480.*

б. За кои други овци се грижеше Исус? Јован 10:16.

_____

„„Исус мислел на душите од целиот свет кои биле заведени од лажните пастири. Тие, за кои Тој копнеел да ги собере како овци на Своето пасиште, биле расфрлани меѓу волците. Тогаш Тој рекол: 'Имам и други овци, што не се од ова трло; и нив треба да ги доведам; тие ќе го чујат Мојот глас, и ќе биде едно стадо и еден пастир' (Јован 10:16)." — *Копнежот на вековите, 483.*

„Бог има драгоцени души во сите цркви, и не е наше да го осудуваме таканаречениот христијански свет набрзина, туку со понизност и љубов да им ја претставиме вистината каква што е во Исус. Нека луѓето ја видат богобојазливоста и вистинската побожност, нека го забележат карактерот сличен на Христовиот – тоа ќе ги привлече кон вистината." — *The SDA Bible Commentary (E. G. White Comments), vol. 4, p. 1184.*

а. Која божествена сила објави Исус дека ја поседува? Јован 10:17, 18.

_____

_____

„'Таткото Ме љуби затоа што Јас го давам животот за повторно да го земам.' Тоа значи: 'Мојот Татко толку ве засакал, што Ме љуби уште повеќе затоа што го давам Својот живот за да ве спасам. Со тоа што станав ваш заменик и гаранција, што го дадов Својот живот, што ги зедов врз Себе вашите слабости и вашите престапи, уште повеќе Му станав мил на Својот Татко.'

Јас го давам Својот живот за повторно да го земам. Никој не Ми го одзема, туку Јас Сам го давам. Имам власт да го дадам и имам власт повторно да го земам. Иако како член на човечкото семејство бил смртен, Тој, како Бог, бил извор на живот за целиот свет. Можел да ѝ се спротивстави на смртта и да одбие да се покори на нејзината власт. Но, Тој доброволно умрел за да донесе светлина во животот и да ја открие бесмртноста.." — *Копнежот на вековите, 483, 484.*

.

б. Што е тоа што ги наведува луѓето да го следат Христос? Јован 10:27; 1 Јованово 4:10, 19.

_____

_____

_____

„„Христовите ученици не го следат затоа што се плашат од казни или затоа што се надеваат на вечна награда. Тие ја гледаат неспоредливата љубов на Спасителот, откриена во Неговото патување на Земјата – од витлеемските јасли до крстот на Голгота. Неговата појава ја привлекува, омекнува и ја покорува душата. Тие што го гледаат тоа, во нивните срца се буди љубов. Го слушаат Неговиот глас и одат по Него." — *Копнежот на вековите, 480.*

„Размислувајќи за неговиот живот на земјата, за Неговата жртва за нас, за големото дело што го врши Тој на небото како наш застапник и за дворовите што ги приготвува за тие што го љубат, можеме само да извикнеме: О, височино и длабино на Христовата љубов!" — *Делата на апостолите, 333.*

5. СИГУРНОСТА НА СПАСЕНИЕТО

Чет, 11 јуни

а. Каква сигурност им дава Христос на Своите овци? Јован 10:28, 29.

_____

„Иако сега се вознел пред Божјото лице и го дели престолот на вселената, Исус ништо не изгубил од Својата сочувствителна природа. И денес Тој има исто толку нежно и сожалително срце, отворено за секоја болка на човечкиот род. Денес, истата таа рака што била прободена е испружена за обилно да го благослови Неговиот народ кој е во светот. 'Тие никогаш нема да загинат, ниту пак некој ќе ги оттргне од Моите раце.' Душата што Му се предала на Христа, во Неговите очи е подрагоцена од целиот свет. Спасителот би поминал низ агонијата на Голгота само за да спаси една единствена душа за Неговото царство. Тој никогаш нема да напушти ниту една душа за која умрел. Освен ако Неговите следбеници сами не одлучат да Го напуштат, Тој цврсто ќе ги држи во Своите раце." — *Копнежот на вековите, 480.*

б. На што се заснова нашата духовна сигурност и уверението за спасението? Римјаните 8:31–39.

_____

„Христос е во небесните дворови и посредува за својата црква - залагајќи се за оние за кои платил откуп со својата крв. Ниту вековите, ниту милениумите не можат да ја намалат силата на Неговата откупителска жртва. Ниту животот, ниту смртта, ниту висината, ниту длабината, не можат нас да нè одделат од Божјата љубов која е во Исуса Христа; но не затоа што ние се држиме толку цврсто за него, туку затоа што Тој нас нè држи толку цврсто. Кога нашето спасение би зависело само од нашите напори, ние не би можеле да бидеме спасени; меѓутоа, спасени¬ето зависи од Оној кој стои зад секое свое ветување. Врската со која ние сме се фатиле за него може да изгледа слаба и не¬сигурна, но Тој нас нè сака како наш постар Брат, и сè додека одржуваме таква заедница со него, никој не може да нè оттргне од неговите раце." — *Делата на апостолите, 552, 553*.

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 13 јуни

1. **Објасни ја разликата во однесувањето на пастирот и крадецот.**
2. **Преку кој друг симбол се прикажал Исус?**
3. **На кој начин вистинските пастири се однесуваат кон своите овци?**
4. **Зошто овците го следат пастирот, а не странецот?**
5. **Објасни како треба да имаме сигурност во спасението.**

Исус и Лазар

„Скапа е во очите на Господ смртта на неговите светии“ (Псалм 116:15).

Предлагаме да прочитате: *Здравје и среќа, 219–224.*

„Во Христа се наоѓа животот – исконски, непозајмен, ненаследен... Христовото божество е гаранција за верникот за вечен живот.“ — *Копнежот на вековите, 530.*

1. СЕМЕЈСТВОТО ВО ВИТАНИЈА

Нед, 15 јуни

а. Кои ученици имаше Исус во градот Витанија? Јован 11:5.

_____

_____

„(Христовото) срце било поврзано со силна врска на љубов со семејството од Витанија, и за еден член од тоа семејство Тој го направил Своето најголемо чудо.

Во домот на Лазар, Исус често наоѓал одмор. Спасителот немал Свој дом, туку зависел од гостопримството на Своите пријатели и ученици. Затоа, кога бил изморен и кога му било потребно друштво, со радост наоѓал засолниште во тоа тивко семејство, далеку од сомнежите и зависта на гневните фарисеи. Таму наидувал на топол пречек и на чисто, свето пријателство. Тука можел да зборува едноставно и потполно слободно, знаејќи дека тие ќе Го разберат и високо ќе ги ценат Неговите зборови.“ — *Копнежот на вековите, 524.*

б. Во каков дом е Бог присутен со Своите најпрекрасни благослови? Изреки 3:33, последен дел.

_____

_____

„Нашиот Спасител го ценел тивкиот дом и заинтересираните слушатели. Тој копнеел по човечка нежност, љубезност и љубов. Оние чии срца ги примале небесните поуки што Тој секогаш бил подготвен да ги сподели, добивале обилни благослови.“ — Копнежот на вековите, 524.

а. Што презеле сестрите на Лазар кога нивниот брат сериозно се разболел – и каков одговор добиле? Јован 11:1–4.

„Лазар бил совладан од ненадејна болест, а неговите сестри му испратиле порака на Спасителот, велејќи: 'Господи, оној кого го љубиш е болен.' Тие ја виделе суровоста на болеста што го снајде нивниот брат, но знаеле дека Христос веќе покажал дека е во состојба да исцели секоја болест. Биле уверени дека Тој ќе сочувствува со нив во нивната неволја и затоа не го молеле веднаш да дојде, туку само Му испратиле доверлива порака: 'Оној кого го љубиш е болен.' Тие верувале дека Тој веднаш ќе одговори на нивната порака и дека ќе дојде кај нив онолку брзо колку што ќе му треба време да стигне до Витанија.

Нетрпеливо чекале Христос да им испрати каков било збор. Додека во нивниот брат сè уште тлеела и најмалата искра на живот, тие се молеле и чекале Исус да дојде. Но, гласникот се вратил без Него. Сепак, донел порака: 'Оваа болест не е смртоносна.' Тие цврсто се држеле за надежта дека Лазар ќе живее. Со љубов и нежност се обидувале да му упатат зборови на надеж и охрабрување на речиси бесвесниот страдалник." — *Копнежот на вековите, 525, 526*.

б. Опишете ги Христовите зборови и дела во наредните неколку дена. Јован 11:5–8.

_____

„„Во текот на тие два дена, изгледало како Христос да ја отстранил пораката од Својот ум, бидејќи воопшто не зборувал за Лазар. Учениците се сетиле на Јован Крстител, Христовиот предвесник, и се прашувале зошто Исус, и покрај Својата моќ да извршува прекрасни чуда, дозволил Јован да биде фрлен во затвор и да умре со насилна смрт. Зошто Исус, кога располага со таква сила, не го спасил животот на Јован? Ова прашање често го поставувале фарисеите и го користеле како сигурен аргумент против Христовото тврдење дека е Божји Син. Спасителот ги предупредил Своите ученици за неволји, загуби и прогонства. Но, дали Тој ќе ги заборави во нивните маки? Некои се прашувале дали можеби погрешно ја разбрале Неговата мисија. Сите биле длабоко вознемирени...

Учениците се чуделе зошто Исус чекал два дена ако веќе имал намера да оди во Јудеја. Но, во тие моменти, тие биле повеќе загрижени за Неговата безбедност, како и за својата. Во она што Христос планирал да го направи, тие гледале само опасност." — *Копнежот на вековите, 526*.

а. Која порака за сите времиња можеме да извлечеме од начинот на кој Христос се однесувал во низа сложени настани поврзани со болеста на Лазар? Јован 11:9, 10.

_____

_____

„Оние кои имале можност да станат Христови соработници, но ги презреле гласниците и нивната порака, ќе ги изгубат своите привилегии. Тие ќе одат во темнина, не знаејќи на што се сопнуваат. Таквите лесно ќе бидат заведени од заблудите на последните денови. Нивните умови се зафатени со безначајни прашања, и тие ја губат благословената можност да се впрегнат со Христос и да станат Божји соработници." — *Fundamentals of Christian Education, p. 471.*

б. Кое прекрасно откровение им подари Исус на Своите ученици – и како тие сепак ги протолкуваа Неговите зборови? Јован 11:11, 12.

_____

_____

„Тогаш им рече: 'Нашиот пријател Лазар заспал, но Јас одам да го разбудам.' 'Нашиот пријател Лазар спие.' Колку трогателни и полни со сочувство зборови! Размислувајќи за опасноста на која ќе се изложи нивниот Учител одејќи во Ерусалим, учениците речиси го заборавиле натаженото семејство во Витанија. Но тоа не било случај со Христос. Учениците почувствувале прекор. Биле разочарани што Исус не одговорил побрзо на пораката. Дошле во искушение да помислат дека Тој не чувствува толку нежна љубов кон Лазар и неговите сестри, како што тие претпоставувале – инаку би побрзал веднаш со гласникот. Но зборовите 'Нашиот пријател Лазар спие' во нив разбудиле исправни чувства. Тогаш сфатиле дека Христос не ги заборавил Своите пријатели кои страдаат." — *Копнежот на вековите, 527.*

в. Објаснете што всушност значеле овие Христови зборови. Јован 11:13, 14.

_____

_____

„На Своите верни деца, Христос им ја претставил смртта како сон. Нивниот живот со Христа е сокриен во Бога, и додека не затруби последната труба, тие што умреле ќе спијат во Него." — *Копнежот на вековите, 527.*

а. Зошто Исус не дошол во Витанија дури и кога дознал дека Лазар умрел? Јован 11:15.

„Учениците биле збунети од Христовите зборови кога рекол: 'Лазар умре. И Јас се радувам... што не бев таму.' Дали Спасителот свесно одбрал да го избегне домот на Своите пријатели кои страдале? Изгледало како сестрите и Лазар, кој бил на смртна постела, да биле препуштени сами на себе. Но, тие не биле сами. Христос го гледал сето она што се случувало и по смртта на Лазар, Неговата благодат ги поддржувала ожалостените сестри. Исус видел како тагата им ги раскинува срцата додека нивниот брат се борел со својот најголем непријател – смртта. Тој ја почувствувал сета тежина на нивната болка кога им рекол на Своите ученици: 'Лазар умре.' Сепак, Христос не можел да мисли само на Своите сакани во Витанија; Тој морал да размислува и за обучувањето на Своите ученици. Тие требало да станат Негови претставници во светот, за да може Татковиот благослов да ги допре сите луѓе. Поради нив, Тој дозволил Лазар да умре. Ако само го излекувал од болеста, немаше да биде направено чудото што станало најсилен доказ за Неговиот божествен карактер." — *Копнежот на вековите, 528.*

б. Што треба да разбереме за начинот на кој Великиот Лекар дозволил Лазар, Неговиот пријател, да биде толку болен и на крај да умре? 1. Коринтјаните 15:17–19; Псалм 18:28.

„(Христовото) дело не заврши само со покажување на Неговата моќ над болеста. За Него, секое дело на исцелување беше можност да ги втисне божествените начела на Неговата љубов и добротворност во срцето на човекот." — *Counsels on Health, p. 249.*

„Ако Христос бил во собата на болниот, Лазар немаше да умре, бидејќи сатаната немаше да има никаква моќ над него. Смртта немаше да може да ја фрли својата стрела врз Лазар во присуство на Оној што дарува живот. Затоа Христос останал настрана. Тој му дозволил на непријателот да ја употреби својата сила, за потоа да може да го совлада победениот непријател. Дозволил Лазар да потпадне под власта на смртта, а неговите ожалостени сестри да го испратат во гроб. Христос знаел дека нивната вера во Него како Спасител ќе биде ставена на тешка проба кога ќе го видат лицето на својот мртов брат. Но исто така знаел дека по оваа борба нивната вера ќе заблеска уште посилно. Ја почувствувал целата тежина на нивната болка. Не ги сакал помалку затоа што доцнел, туку знаел дека заради нив, заради Лазар, заради Себе и заради Своите ученици, мора да извојува победа." — *Копнежот на вековите, 528.*

5. НЕ СЕКОГАШ ОНАКА КАКО ШТО ОЧЕКУВАМЕ... Чет, 19 јуни

а. Што секогаш треба да имаме на ум во врска со смртта на Божјите верни слуги, без разлика на начинот на кој таа настапува? Псалм 116:15. Наведете примери.

_____

„На Елисеј не му било дадено да замине со својот учител во огнена кола. Господ дозволил да страда од долготрајна болест. Во долгите часови на човечка слабост и страдање, неговата вера се крепела на Божјите ветувања, и тој секогаш гледал небесни гласници околу себе кои му носеле утеха и мир.

Неговата вера созреала во постојана доверба во Бога, и кога го повикала смртта, бил подготвен да се одмори од својата работа." — *Пророци и цареви, стр. 263.*

б. Што сè се случило во Витанија пред доаѓањето на Исус – и кој сè бил присутен кога Тој пристигнал? Јован 11:17–19.

_____

_____

„Одложувајќи го Своето доаѓање кај Лазар, Христос сакал уште еднаш да им укаже милост на оние што не Го прифатиле. Тој го одложил Своето доаѓање за со воскресението на Лазар да му даде на тврдоглавиот, неверен народ уште еден доказ дека Тој навистина е 'воскресението и животот'. Му било тешко да ја изгуби целата надеж за Својот народ – за сиромашните, заталкани овци на домот Израелев. Неговото срце се кинело поради нивната непокајаност. Во Својата милост сакал да им даде уште еден доказ дека Тој е Избавителот, дека само Тој може да го изведе животот на виделина и да ја открие бесмртноста. Овој доказ требало да биде толку јасен, што свештениците нема да можат да го изопачат или погрешно да го протолкуваат. Поради тоа не заминал веднаш во Витанија. Ова, Неговото најголемо чудо – подигањето на Лазар од мртвите – требало да стави Божји печат на Неговото дело и на Неговото тврдење за Своето божество." — *Копнежот на вековите, 529.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА: Пет, 20 јуни

1. **Кои биле членовите на семејството на Лазар?**
2. **Зошто Исус не одговорил веднаш на молбата на Своите пријатели?**
3. **Каква била реакцијата на учениците на Христовото однесување?**
4. **Како треба да гледаат на смртта оние што веруваат во Христос?**
5. **Со каква цел Христос дозволил Лазар да умре?**

Воскресение и Живот

„А Исус и рече: 'Јас сум воскресението и животот; кој верува во Мене, и да умре, ќе живее'" (Јован 11:25).

Предлагаме да прочитате: *Selected Messages, bk. 1, pp. 296–300.*

„За верникот, смртта е безначајно прашање. Христос зборува за неа како за нешто со мала важност... За христијаните, смртта е само сон, само миг на молк и темнина. Нивниот живот е сокриен со Христос во Бога." — *Копнежот на вековите, 787.*

1. ИСУС ВО ВИТАНИЈА

Нед, 22 јуни

а. Кога слушнала дека Исус доаѓа во Витанија, што направила Марта и какво уверување изразила? Јован 11:20–22.

_____

_____

„Меѓу ожалостените пријатели биле и роднини на тоа семејство, од кои некои заземале истакнати положби во Ерусалим. Меѓу нив се наоѓале и некои од најогорчените Христови непријатели. Христос ги знаел нивните намери и затоа не се појавил веднаш.

Веста ѝ била пренесена толку тивко на Марта, што никој друг во собата не ја слушнал. Обземена од својата болка, Марија не ги забележала зборовите. Марта веднаш станала и тргнала во пресрет на својот Господ. Мислејќи дека Марта заминала до гробот на Лазар, Марија останала тивка во својата тага, не плачејќи на глас.

Марта брзала да Го сретне Исуса, додека во нејзината душа се бореле спротивставени чувства. На Неговото изразливо лице повторно ја видела истата љубов и нежност кои секогаш зрачеле од Него. Нејзината доверба во Него не била поколебана, но не можела да не помисли на својот сакан брат, кого и Исус многу го сакал. Со болка што ѝ го раскинувала срцето затоа што Христос не дошол порано, но сепак со надеж дека Тој дури и сега може да направи нешто за да ги утеши, таа рекла: 'Господи, да беше Ти овде, мојот брат немаше да умре.' Среде вревата на оплакувачите, сестрите ги повторувале овие зборови одново и одново." — *Копнежот на вековите, 529.*

а. Каква сигурност ѝ дал Христос на Марта? Јован 11:23. Што разбрала таа под тоа? Јован 11:24.

_____

„Исус ја охрабрил нејзината вера со зборовите: 'Твојот брат ќе воскресне!' Неговиот одговор не бил насочен кон тоа да ѝ разбуди надеж за некаква непосредна промена. Наместо тоа, Тој ги повел нејзините мисли од воскресението на нејзиниот брат во сегашноста кон идното воскресение на праведните. Христос го направил тоа за Марта да го сфати воскресението на Лазар како гаранција за воскресението на сите праведници и како уверување дека тоа ќе се исполни со силата на Спасителот.

Марта одговорила: 'Знам дека ќе воскресне при воскресението во последниот ден.'" — *Копнежот на вековите, 530.*

б. Со кои зборови Исус го потврдил уверувањето на Марта? Јован 11:25; 1 Јован 5:12.

_____

_____

„Сакајќи уште еднаш да ја насочи нејзината вера во вистинска насока, Исус рекол: 'Јас сум воскресението и животот'. Во Христос се наоѓа живот – исконски, непозајмен, ненаследен. 'Кој го има Синот, има живот'. (1. Јованово 5:12) Христовото божество е уверување за верникот за вечен живот."— *Копнежот на вековите, 530.*

в. Кое ветување е темел на нашата надеж што гледа подалеку од гробот и како уверувањето на Марта е поврзано со Христовото чудо? Јован 5:26; 11:26, 27.

_____

_____

„„Тука Христос мисли на времето на Своето второ доаѓање. Тогаш мртвите праведници ќе воскреснат во нераспадливи тела, а живите праведници ќе бидат преобразени и вознесени на Небото, без да ја вкусат смртта. Чудото што Христос наскоро требало да го направи – воскреснувањето на Лазар од мртвите – го претставува воскресението на сите праведници што починале. Со Своите зборови и дела, Тој јасно покажал дека е Творецот на воскресението. Тој, Кој и самиот набргу ќе умре на крстот, ги држел клучевите на смртта. Како победник над гробот, го потврдил Своето право и сила да даде вечен живот." — *Копнежот на вековите, 530.*

а. Опиши ги делата и зборовите на нажалената Марија. Јован 11:28–32.

_____

_____

б. Кога ја виде Марија и некои од Евреите како плачат, што направил Исус и зошто? Јован 11:33–35.

_____

_____

„'Исус, кога ја виде како плаче, и како плачат Евреите што дојдоа со неа, воздивна длабоко во душата и се вознемири.' Тој ги читал срцата на сите собрани. Видел дека многумина од нив само се преправаат дека се тажни. Знаел дека некои од тие што сега лицемерно ја искажуваат својата болка, наскоро ќе почнат да смислуваат заговор, не само против Силниот Чудотворец, туку и против човекот кој требало да воскресне од мртвите. Христос можел да ја разоткрие нивната лажна тага, но го задржал Својот праведен гнев. Зборовите што можел да ги изговори со полно право, не ги кажал – поради оние драги души кои во својата болка клечеле покрај Неговите нозе и навистина верувале во Него.

'Каде го положивте?' – прашал. Тие му рекоа: 'Господи, дојди и види.' Заедно тргнале кон гробот. Била тоа тажна глетка. Мнозина го сакале Лазар, а неговите сестри, со скршени срца, плачеле по него. Неговите пријатели лееле солзи заедно со нив. Гледајќи ја таа сцена на човечка болка, и знаејќи дека нажалените пријатели тагуваат по покојникот додека покрај нив стои Спасителот на светот, 'Исус заплака.'" —*Копнежот на вековите, 533.*

в. Како овој момент од Исусовиот живот треба да ни биде пример? Римјаните 12:15.

_____

_____

„Прекрасниот пример на Христос, Неговата неспоредлива нежност со која ги освојувал чувствата на луѓето – плачејќи со оние што плачат и радувајќи се со оние што се радуваат – треба да остави длабоко влијание врз карактерот на сите што искрено Го следат. Патот за стапалата на изморените и изнемоштените треба да се израмни со љубезни зборови."—*Здравје и среќа, 157, 158.*

а. Што им наредил Исус на оние што биле околу Него? Јован 11:39 (прв дел). Како реагирала Марта и што ѝ рекол Исус? Јован 11:39 (втор дел).

_____

„Кога Господ има намера да направи некое дело, сатаната влијае врз некои да приговараат. Христос рекол: 'Тргнете го каменот'. Подгответе го патот за Моето дело, онолку колку што е можно. Но, токму во овој момент манифестирала решителната и амбициозна природа на Марта. Таа не сакала другите да го видат телото што веќе се распаѓа. Човечкото срце бавно ги сфаќа Христовите зборови, а верата на Марта не го разбрала вистинското значење на Неговото ветување.

Христос ја укорил Марта, но Неговите зборови биле изговорени со најголема благост. 'Нели ти реков дека, ако веруваш, ќе ја видиш Божјата слава?' Зошто се сомневаш во Мојата моќ? Зошто размислуваш спротивно на Моите барања? Го имате Мојот збор – ако верувате, ќе ја видите Божјата слава. Она што по природен пат е невозможно, не може да го спречи делото на Семоќниот. Скептицизмот и неверието не се знак на понизност. Вистинска понизност и вистинско самопредавање се состојат во безусловната вера во Христовите зборови.

'Поместете го каменот'. Христос можел да му заповеда на каменот да се отстрани, и тој ќе Му се покорел. Можел да им нареди на ангелите што стоеле покрај Него да го направат тоа. Со само една Негова наредба, невидливи раце ќе го тргнеле каменот. Но, Тој сакал да биде отстранет од човечки раце. Со тоа Христос сакал да им покаже на луѓето дека треба да соработуваат со Божјата сила. Божествената моќ не е повикана да го направи она што може да го направи човечката сила. Бог не ја отфрла човечката помош. Тој му дава сила на човекот и соработува со него, кога човекот ги користи силите и способностите што му се дадени."—*Копнежот на вековите, 535.*

б. Кои Христови зборови нежно нè укоруваат за нашето неверување денес? Јован 11:40.

_____

„Но мнозина немаат жива вера. Ова е причината зошто тие не гледаат повеќе докази за Божјата моќ. Нивната слабост е последица на нивното неверување... Планираат и смислуваат, но малку се молат и имаат малку вистинска доверба во Бога. Мислат дека имаат вера, но тоа е само моментна побуда. Не успевајќи да ги реализираат своите потреби или Божјата подготвеност истите да им ги задоволи, тие не се истрајни при изнесувањето на своите барања пред Бога."—*Христовите поуки, 145, 146.*

5. ИСУС ГО ВОСКРЕСНУВА ЛАЗАР

Чет, 26 јуни

а. Која молитва ја изговорил Исус покрај гробот? Јован 11:41, 42.

_____

„Заповедта била извршена. Каменот бил отстранет. Сè било направено јавно и со јасна цел. Секому му била дадена можност да се увери дека не станува збор за никаква измама. Во гробот, во пештерата, лежело телото на Лазар – студено, неподвижно и мртво. Тажењето на оплакувачите запрело. Изненадени и во исчекување, мноштвото стоело околу гробницата, чекајќи да види што ќе се случи... Тогаш Христос повторно потврдил дека Бог е Негов Татко и со целосна доверба објавил дека Тој е Божјиот Син." — *Копнежот на вековите, 535, 536.*

б. Со кои зборови Исус го воскреснал Лазар? Јован 11:43. Што се случило веднаш потоа? Јован 11:43, 44.

„(Христовиот) глас, јасен и продорен, продрел до ушите на умрениот. Додека зборувал, божеството блеснало низ човечкото. Неговото лице, осветлено од Божјата слава, било уверување за Неговата сила. Секое око било насочено кон влезот на пештерата. Секое уво внимателно наслушнувало дури и најмал шум. Со силен и напрегнат интерес сите очекувале доказ за Христовото божество – доказ што ќе го потврди Неговото тврдење дека е Божјиот Син или, пак, засекогаш ќе ја изгасне надежта во тоа. Одеднаш, во тивкиот гроб нешто се поместило, и на влезот од гробницата се појавил оној што бил мртов. Погребниот повој со кој бил завиткан во гробот му ги попречувал движењата, и Христос им рекол на вчудовидените гледачи:

'Одвиткајте го и пуштете го да оди.' Повторно им било покажано дека човекот треба да соработува со Бога. Човекот треба да работи за човек. Го одврзале Лазар, и тој стоел пред мноштвото – не како човек исцрпен од болеста, со слаби и несигурни чекори, туку како човек во својата најдобра возраст, во полна сила и благородна мажественост. Од неговите очи блескала разумност и љубов кон Спасителот. Во чин на обожавање, тој се фрлил пред нозете на Исус." — *Копнежот на вековите, 536.*

ЛИЧЕН ПРЕГЛЕД НА ПРАШАЊАТА:

Пет, 27 јуни

1. **Опиши ја довербата што сестрите ја имале во Исус.**
2. **Што им ветил Исус на Марта, Марија и на сите верници?**
3. **Зошто Исус заплакал?**
4. **На кој начин човекот соработувал со Бога во ова чудо?**
5. **Опиши ги постапките на Лазар по Христовиот повик.**

Белешки

БОГОСЛУЖБА ВО СЕМЕЈСТВОТО

Април - 2025.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	Вторник	Марко 1:21-24.	Коп. на век. 173.	Дан. 3:8-13.
2.	Среда	Матеј 6:5-8.	Коп. на век. 174.	Дан. 3:14-18.
3.	Четврток	Матеј 6:14-18.	Коп. на век. 175.	Дан. 3:19-22.
4.	Петок	Матеј 6:19-21.	Сонцето заоѓа во 19 02	
5.	Сабота	Езек. 7:15-19.	Сонцето заоѓа во 19 03	
6.	Недела	Матеј 6:24-26.	Коп. на век. 176.	Дан. 3:23-25.
7.	Понеделник	Матеј 6:28-34.	Коп. на век. 177.	Дан. 3:26-30.
8.	Вторник	Матеј 7:1-5.	Коп. на век. 179.	Дан. 4:1-5.
9.	Среда	Матеј 7:7-11.	Коп. на век. 181.	Дан. 4:6-9.
10.	Четврток	Матеј 7:12-14.	Коп. на век. 182.	Дан. 4:10-14.
11.	Петок	Матеј 7:15-20.	Сонцето заоѓа во 19 09	
12.	Сабота	Езек. 20:19,20.	Сонцето заоѓа во 19 10	
13.	Недела	Матеј 7:21-23.	Коп. на век. 183.	Дан. 4:15-17.
14.	Понеделник	Матеј 7:24-27.	Коп. на век. 184.	Дан. 4:18,19.
15.	Вторник	Матеј 8:5-10.	Коп. на век. 185.	Дан. 4:20-24.
16.	Среда	Матеј 8:11,12.	Коп. на век. 186.	Дан. 4:25-28.
17.	Четврток	Матеј 8:14-17.	Коп. на век. 187.	Дан. 4:29-32.
18.	Петок	Исаија 53:1-5.	Сонцето заоѓа во 19 17	
19.	Сабота	Марко 2:27,28.	Сонцето заоѓа во 19 18	
20.	Недела	Матеј 8:19-22.	Коп. на век. 188.	Дан. 4:34-37.
21.	Понеделник	Матеј 6:23-27.	Коп. на век. 189.	Дан. 5:1-4.
22.	Вторник	Матеј 9:1-6.	Коп. на век. 190.	Дан. 5:5-8.
23.	Среда	Матеј 9:10-13.	Коп. на век. 191.	Дан. 5:9-12.
24.	Четврток	Матеј 9:18-22.	Коп. на век. 192.	Дан. 5:13,14.
25.	Петок	Матеј 9:23-26.	Сонцето заоѓа во 19 25	
26.	Сабота	Матеј 24:20,21.	Сонцето заоѓа во 19 26	
27.	Недела	Матеј 9:27-31.	Коп. на век. 193.	Дан. 5:18-21.
28.	Понеделник	Матеј 9:35-38.	Коп. на век. 195.	Дан. 5:22-24.
29.	Вторник	Матеј 10:5-8.	Коп. на век. 196.	Дан. 5:25-31.
30.	Среда	Дела 13:44-46.	Коп. на век. 197.	Откр. 17:9-14.


Maj - 2025.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	Четврток	Матеј 10:16-20.	Коп. на век. 198.	Дан. 6:5-8.
2.	Петок	Матеј 10:21-23.	Сонцето заоѓа во 19 33	
3.	Сабота	Лука 6:1-3.	Сонцето заоѓа во 19 34	
4.	Недела	Матеј 10:24-26.	Коп. на век. 199.	Дан. 6:10-12.
5.	Понеделник	Матеј 10:28-33.	Коп. на век. 200.	Дан. 6:13-16.
6.	Вторник	Матеј 10:34-39.	Коп. на век. 201.	Дан. 6:17-20.
7.	Среда	Матеј 10:40-42.	Коп. на век. 202.	Дан. 6:21-23.
8.	Четврток	Матеј 11:16-19.	Коп. на век. 203.	Дан. 6:24-28.
9.	Петок	Матеј 11:20-24.	Сонцето заоѓа во 19 40	
10.	Сабота	Марко 3:1-4.	Сонцето заоѓа во 19 41	
11.	Недела	Матеј 11:25-30.	Коп. на век. 204.	Дан. 7:1-5.
12.	Понеделник	Матеј 12:1-4.	Коп. на век. 205.	Дан. 7:6-8.
13.	Вторник	Левит. 24:5-9.	Коп. на век. 206.	Дан. 7:9,10.
14.	Среда	1. Сам. 21:6,7.	Коп. на век. 207.	Дан. 7:13,14.
15.	Четврток	Јован 12:24-28.	Коп. на век. 208.	Дан. 7:23-25.
16.	Петок	Матеј 12:9-13.	Сонцето заоѓа во 19 48	
17.	Сабота	Матеј 12:5-8.	Сонцето заоѓа во 19 49	
18.	Недела	Матеј 12:15-21.	Коп. на век. 209.	Дан. 7:26-28.
19.	Понеделник	Матеј 12:29-32.	Коп. на век. 210.	Дан. 8:9-14.
20.	Вторник	Матеј 12:34-37.	Коп. на век. 211.	Дан. 8:15-17.
21.	Среда	Матеј 12:38-41.	Коп. на век. 212.	Дан. 9:1-3.
22.	Четврток	Матеј 12:43-45.	Коп. на век. 213.	Дан. 9:4-7.
23.	Петок	Јован 12:20-23.	Сонцето заоѓа во 19 54	
24.	Сабота	2. Лет. 36:21.	Сонцето заоѓа во 19 55	
25.	Недела	Матеј 12:46-49.	Коп. на век. 214.	Дан. 9:8-12.
26.	Понеделник	Матеј 13:1-7.	Коп. на век. 215.	Дан. 9:13-16.
27.	Вторник	Матеј 13:8-12.	Коп. на век. 216.	Дан. 9:17-19.
28.	Среда	Матеј 13:13-16.	Коп. на век. 217.	Дан. 9:20-23.
29.	Четврток	Матеј 13:17-23.	Коп. на век. 218.	Дан. 9:24-27.
30.	Петок	Матеј 13:24-26.	Сонцето заоѓа во 20 01	
31.	Сабота	Псалм 59:16,17.	Сонцето заоѓа во 20 01	

Јуни – 2025.

Дат.	Ден	Утринска молитва	Вечерна молитва	За оние кои немаат свед.
1.	Недела	Мат. 13:27-30.	Коп. на век. 219.	Дан. 10:8-13.
2.	Понеделник	Мат. 13:36-39.	Коп. на век. 220.	Дан. 12:1-4.
3.	Вторник	Мат. 13:44-50.	Коп. на век. 221.	Дан. 12:5-7.
4.	Среда	Мат. 15:1-6.	Коп. на век. 223.	Дан. 12:8-10.
5.	Четврток	Мат. 15:7-9.	Коп. на век. 224.	Осија 1:10,11.
6.	Петок	Мат. 15:12-14.	Сонцето заоѓа во 20 06	
7.	Сабота	Јован 5:5-11.	Сонцето заоѓа во 20 06	
8.	Недела	Мат. 15:22-28.	Коп. на век. 225.	Осија 2:19-23.
9.	Понеделник	Мат. 15:29-31.	Коп. на век. 226.	Осија 3:4,5.
10.	Вторник	Мат. 16:1-3.	Коп. на век. 227	Осија 4:1-3.
11.	Среда	Мат. 16:13-17.	Коп. на век. 229.	Осија 4:6,7.
12.	Четврток	Мат. 16:18-20.	Коп. на век. 230.	Осија 4:16,17.
13.	Петок	Мат. 16:24-26.	Сонцето заоѓа во 20 09	
14.	Сабота	Јован 5:15-18.	Сонцето заоѓа во 20 10	
15.	Недела	Мат. 17:1-4.	Коп. на век. 231.	Осија 6:1-3.
16.	Понеделник	Мат. 17:5-9.	Коп. на век. 232.	Осија 6:6,7.
17.	Вторник	Мат. 17:19-21.	Коп. на век. 233.	Осија 8:12,13.
18.	Среда	Мат. 18:1-4.	Коп. на век. 234.	Осија 10:1,2.
19.	Четврток	Мат. 18:10,11.	Коп. на век. 235.	Осија 10:12,13.
20.	Петок	Мат. 18:12-14.	Сонцето заоѓа во 20 12	
21.	Сабота	Дела 13:14,15.	Сонцето заоѓа во 20 12	
22.	Недела	Мат. 18:15-18.	Коп. на век. 236.	Осија 12:3-5.
23.	Понеделник	Мат. 18:19-22.	Коп. на век. 237.	Осија 12:6,7.
24.	Вторник	Мат. 18:23-27.	Коп. на век. 238.	Осија 12:11,14.
25.	Среда	Мат. 18:28-33.	Коп. на век. 239.	Осија 13:9,14.
26.	Четврток	Мат. 19:16-23.	Коп. на век. 240.	Осија 14:4-7.
27.	Петок	Мат. 19:27-30.	Сонцето заоѓа во 20 13	
28.	Сабота	Дела 13:26-28.	Сонцето заоѓа во 20 13	
29.	Недела	Мат. 20:1-7.	Коп. на век. 241.	Осија 14:9.
30.	Понеделник	Мар. 8:36-38.	Коп. на век. 242.	Изр. 6:16-19.

Дарови во првата сабота



Сабота, 5 април

Реконструкција на црквата во Прохоровка, Русија

Бидете дел од растечкото дело во најголемата земја во светот! (види стр. 4).



Сабота, 3 мај

Светски мисии

Има толку многу нови места што треба да се посетат, па да го поддржиме завршувањето на оваа божествена задача (види стр. 25).



Сабота, 7 јуни

Две цркви во Тамил Наду, Индија

Јужна Индија има огромна потреба од евангелието; сега е нашата шанса да помогнеме и да направиме разлика (види стр. 51).